МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН - СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА - Р.МАКЕДОНИЈА
СВЕТИ НИКОЛЕ: ул. Маршал Тито 77; 032 440 330; 032 440 202; e-mail: info@slavinst.edu.mk;
БИТОЛА: ул. Новачки Пат бб; 047 238 077; 047 222 503; e-mail: info@slavinst.edu.mk;
www.msu.edu.mk

Факултет за економија и организација на претприемништво

Ќенан Сали

Општествени промени и развојни можности за подобрување на студентските стандарди

Social change and development opportunities to improve student standards

Ndryshimet shoqërore dhe mundësitë e zhvillimit për të përmirësuar standardet e studentëve

(магистаски труд)

Скопје 2021

Изјава

Јас, Ќенан Сали студент на втор циклус студии на Факултет за економија и организација на претприемништво, на студиската програма Менаџмент со човечки ресурси во мали и средни претпријатија со број на индекс: М171023, изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд со наслов „**Општествени промени и развојни можности за подобрување на студентските стандарди**“ ги почитував позитивните законски прописи на Република Северна Македонија од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање. Изјавата ја давам под целосна материјална, морална и кривична одговорност.

Кандидат: Ќенан Сали Скопје 2021

_____ _____

АПСТРАКТ

Студентскиот стандард е потребен инструмент, и е многу значаен за одредување и унапредување на позицијата во која се наоѓаат младите денес за нивно успешно студентско организирање. Младите луѓе се најзначајниот фактор кој го движи општесвото напред. Исто така, значајна е вклученоста на студентите како општествени чинители во потикнување, донесување и спроведување за зајакнување и унапредување на студентските стандарди. Од тие причини правиме резиме на состојбата во нашата држава со одговри на прашањата дали постои студентски стандард и која е постојната институционална рамка на студентски стандард во Република Северен Македонија и како таа фунционира.

Начините и практиките на доделување на студентски стипендии преку Министерството за образование и наука и анализина на моментална состојба, исто така и начинот и практиката на доделување на студенстско легло во студентски домови преку Министерството за образование и наука и анализина на моментална состојба на домовите. Според Законот за студентски стандард, под студентски стандард, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите. Со овој закон поцелосно и пошироко се уредува исклучиво дејноста на студентскиот стандард и тоа во делот на сите основни одредби, како основањето, престанокот со работата на студентските домови, сместувањето на студентите, цената за сместување на студентите, управувањето и раководењето, финансирањето и други одредби.

Потребата од промени и развој на студентскиот стандард е неопходна, а под општествена промена се подразбира широко сфатена нециклична промена на институциите, нормите, културата или на одредена општествена структура.

Клучни зборови: студентски стандард, стипендии, студентски дом, општествени промени, развој.

ABSTRACT

The student standard is a necessary tool, and is very important for determining and promoting the position of young people today for their successful student organization. Young people are the most important factor that moves society forward. Also important is the involvement of students as social actors in encouraging, adopting and implementing to strengthen and improve student standards. Therefore, we make a summary of the situation in our country by answering the questions whether there is a student standard and what is the existing institutional framework of student standard in the Republic of Northern Macedonia and how it works.

The ways and practices of awarding student scholarships through the Ministry of Education and Science and analysis of the current situation, as well as the manner and practice of awarding student dormitories in dormitories through the Ministry of Education and Science and analysis of the current state of dormitories. According to the Law on Student Standard, student standard means providing accommodation, food, tuition, scholarships, as well as meeting the work, cultural, informational, sports-recreational and other common needs of students. This law more fully and broadly regulates exclusively the activity of the student standard, in the part of all basic provisions, such as the establishment, termination of the work of the dormitories, accommodation of students, the price of accommodation of students, management and administration, financing and other provisions. .

The need for change and development of the student standard is necessary, and social change means a widely understood non-cyclical change of institutions, norms, culture or a certain social structure.

Keywords: student standard, scholarships, dormitory, social change, development

СОДРЖИНА:

ВОВЕД 8

I ДЕЛ 10

Дали постои студентски стандард во Македонија? 10

1. Дефинирање на проблемот 10
2. Изјава за намерата 11
3. Причини за проблемот 11

II ДЕЛ 14

Анализа на видовите стипендии, постапка за доделување, условите и критериумите за доделување на стипендии за ученици и студенти кои ги доделува Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. 14

Вовед 14

1. Правна рамка 14
2. Практика на МОН 17
3. Стипендии за ученици (Закон за ученички стандард) 18

3.1 Стипендии за социјална поддршка на ученици од јавните и приватните училишта во РСМ 19

3.2 Стипендии за талентирани ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија 22

3.3 Стипендии за талентирани спортисти од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија 22

3.4 Стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско- туристичка струка во Република Северна Македонија (јавни и приватни) 23

3.5 Стипендии за ученици со посебни потреби од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија 24

3.6 Стипендии за ученици – деца без родители од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија 25

3.7 Повраток на средства за купен музички инструмент (за ученици) 25

3.8 Стипендии за ученици на загинатите или починатите припадници на безбедносните сили, како и на децата – ученици на починатите припадници на АРМ во хеликоптерската несреќа која се случи на 12.1.2008 г. 25

3.9 Стипендии за ученици Роми 26

3.10 Стипендии за ученици запишани во паралелките на Спортска академија 27

4. Стипендии за студенти (Закон за студентски стандард, стипендии за државјани на РСМ) ... 27

4.1 Повратна средства за купен музички инструмент (за студенти) ... 29

4.2 Стипендии за студенти на загинатите или починатите припадници на безбедносните сили, како и на децата – студенти на починатите припадници на АРМ во хеликоптерската несреќа која се случи на 12.1.2008 г. ... 29

ПРВА ГРУПА ... 29

4.3 Стипендии за студенти од социјални категории ... 29

ВТОРА ГРУПА ... 31

4.4 Стипендии за студентите запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи и 40 стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на приватните универзитети ... 31

ТРЕТА ГРУПА ... 32

4.5 Стипендии за запишани студенти на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи од област на информатички технологии ... 32

4.6 Стипендии за студентите запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и и/или медицинските науки (јавни и приватни У и ВОУ) ... 33

4.7 Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките – науки ХЕМИЈА ... 33

4.8 Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките – науки ФИЗИКА ... 33

4.9 Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките – науки Математика ... 33

ЧЕТВРТА ГРУПА ... 34

4.10 Стипендии за студенти запишани во прва година на студиските програми на високобразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишно воспитание, основното и средното образование ... 34

4.11 Студентски стипендии за студенти Роми ... 34

4.12. Владини стипендиски – Балкански полуостров (Закон за студентски стандард, стипендии за странски државјани) ... 35

5. Стипендии за студенти кои студираат во странство ... 37

5.1 Стипендии за прв циклус студии во странство – Шангај ... 37

5.2 Стипендии за прв циклус во странство – ликовна уметност, кинематографија и филмска продукција, драмска уметност и музика ... 41

5.3 Стипендии за академски студии од втор циклус и трет циклус во странство (Шангај) ... 41

5.4 Стипендија „Борис Трајковски“ 45
5.5. Стипендии за постдипломски студии за изучување на старотурски (отомански) јазик на некој од светските универзитети 45
5.6 Стипендии за студии од втор циклус од областа на филмската и музичката уметност на Academy of Performing Arts (FAMU), во Прага, Република Чешка 45
5.7 Стипендии за последипломски студии на ЈНУ Институт за филм, Филмска академија – Охрид 45
5.8 Стипендии за академски студии од втор циклус за студенти примени на академски студии на реномирани универзитети од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција, драмската уметност и музиката 46
6. Мобилност на македонски граѓани и странски државјани во РСМ 46
7. Постапка за добивање стипендија и правни лекови 47
8. Резиме на препораки 51
III Дел 56
Анализа на сместување во студентски дом, постапка за сместување, условите и критериумите за доделување на легла за студенти кои ги доделува Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија 56
Вовед 56
1. Правна рамка 56
2. Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард 64
3. Енергетски ефикасни и рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија 70
4. Постапка за прием на студенти во студентските домови 71
5. Студентски домови во Република Северна Македонија 95
IV ДЕЛ 98
Емпириско истражување за студентските услови и студентскиот стандард преку Анкетен прашалник, ... 98
Препораки и заклучок 114
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА: 125
Прилог 1 Анкетен прашалник, ... 129

ВОВЕД

Со големо задоволство го пишувам воведниот дел за студентскиот стандард која има за цел да ви го доближи процесот на организирање на студентскиот стандард во Македонија, неговите идеи и потенцијали, како и потребите за

постојано иновирање на студентскиот стандард како значаен инструмент на секое општество. Студентскиот стандард на почетокот започнува како срамежлива идеја која има за цел да се одговори на се поголемите разлики и оддалеченоста на младите од официјалните државни политики. Денеска, полека но сигурно, младинската политика, младинското учество и младинската работа стануваат најзначајниот фактор кој ги движи општествата напред, бидејќи енергијата на младите и нивната заложба да живеат и работат во подобро општество секогаш дава поефикасни резултати во сите политики, со цел да ги измери, опише и објасни главните ставови на македонската млада популација, во однос на општеството, студентските стандарди, политиката, образованието, вработувањето, семејството, религијата и интеграцијата во Европска Унија.

Унапредување на статусот на студентите односно младите во општеството, соработка со надлежните институции во процесите на креирање политики наменети за студентите и изготвување стратегии кои ќе служат како поддршка при имплементација на законските регулативи и активности кои ќе промовираат студентско вклучување и студентски активизам преку студентска работа, според својата структура, цели и делување, да се стреми да стане партнер на институциите и организациите од државата. Преку партнерство со студентските организации, политиките на државата кои ги засегаат студентите ќе може да станат поблиски до студентите и да бидат изработени и спроведени заедно со студентите, што ќе осигура долгорочен и ефективен резултат за подобрување на животот на сите, а посебно на студентите.

Темата укажува на предизвиците и итните мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбата на студентите во нашето општество, бидејќи сме свесни дека тие се идните лидери, политичари, едукатори, иноватори, работодавачи, граѓани на ЕУ и светот. Иднината е во нивни раце и тие треба да поседуваат потенцијал за промена и подобрување на демократијата и економијата во земјата.

Изразувам благодарност на отворениот и искрен пристап и се радувам на поддршката која ја добив до сега и отворен сум за нови можности и соработки со сите релевантни актери и организации на ова поле кое се нарекува студентски стандард, кои дадоа огромен придонес за создавањето на овој магистарски труд.

Најсрдечно се заблагодарувам на сите оние кои учествуваа во овој процес и кои дадоа поддршка за ова основање. Светот не останува на младите, туку младите се оние кои го прават светот подобар и го менуваат.

I ДЕЛ

Дали постои студентски стандард во Македонија?

1. Дефинирање на проблемот

Недостатоците во содржината и спроведувањето на законодавната рамка кои го регулираат студентскиот стандард се провлекуваат во период од осумнаесет години. За првпат, на 29.7.1998 година, е донесен Законот за ученички и студентски стандард („Службен весник на Р. Македонија“ бр.37/98). За да се унапреди регулирањето на студентскиот стандард за првпат, на 21.1.2013 година, Собранието на Република Македонија го донесува Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Р.Македонија“ бр.15/2013), со кој се уредува дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето, управувањето во установите за студентскиот стандард, како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите. На истиот закон, за да се унапредат некои недостатоци, донесени се четири измени и дополнувања (30.8.2013, 27.2.2014, 26.8.2015 и 19.2.2016 год). Иако оваа проблематика со години наназад е законски регулирана, сепак повише од 50% од студентите денес не се запознаени со постоењето на Законот за студентски стандард, додека повише од 40% од студентите сметаат дека се запознаени.

И покрај сето ова, тековната состојба со законската регулатива, состојбите во однос на управување, надзор, контрола и координација, состојбите во однос на финансирање, како и состојбите во однос на трошоци за студирање и стипендирање укажуваат на недостатоци во содржината и спроведувањето на одредбите и прописите од Законот за студентски стандард, како и на правилниците, статутите и другите активи кои произлегуваат од истиот.

2. **Изјава за намерата**

Намерата на овој документ е поголема вклученост на општествените чинители и стручната јавност во изготвување, донесување и спроведување на сеопфатна законска регулатива која целосно ќе ги опфати потребите, правата и обврските на студентите. Исто така, да го поттикне и помогне зајакнувањето на управувањето на студентските домови и контролните механизми за целосно спроведување на законските и подзаконските акти преку Министерство за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Управни одбори, Совети на станари и други чинители. Последно, да поттикне и вклучи дополнителни аспекти за квалитетен и сеопфатен студентски стандард во законот за студентски стандард.

3. **Причини за проблемот**

Сегашната состојба, во која се наоѓаат студентите, влече корени од минатото. Македонија по пропаѓањето на претходниот општествено-политички систем, односно транзицијата од социјалистичко во капиталистичко општество, не успеа да најде соодветна замена за системот на високо образование. Како резултат на транзицијата, се појавува сегашната состојба со која студентите се соочуваат.

Непостоењето на студентска инфраструктура е еден од проблемите којшто може да се идентификува. Студентскиот дом „Гоце Делчев“ е изграден во 1973 година и претставува последниот изграден студентски дом во Скопје1. Овој студентски дом во 2019 година беше реновиран.

Во СФРЈ покрај системот на државно стипендирање, акцентот на стипендирање бил ставен на стопанаството каде што големите компании доделувале стипендии. Во тоа време постоеле два вида на стипендии. Првиот вид биле стипендии за талентирани студенти кои ги доделувале државните фирми. Висината на оваа стипендија, во тоа време, изнесувала од 100 до 700 марки. Најчесто овие стипендирани студенти, по завршување на своето образование останувале да работат и да градат кариера во фирмите коишто го стипендирале нивното школување. Вториот вид биле целосни стипендии од 2.000 марки коишто ги доделувале Работничките совети на фирмите (денешни Управни одбори). ЕМО и Алкалоид се дел од фирмите коишто обезбедувале ваков вид на стипендирање. Во 1997 година, Министерство за образование и наука, за првпат, воведува државен систем на доделување стипендии и кредити, односно 3.000 денари месечно за стипендии (неповратни средства) и 2.000 денари месечно за кредити (повратни средства).

Во претходниот општествено-политички систем, односно во 1988 година, постоел Закон за младински задруги кои би вршеле определени дејности, па така преку младинските задруги студентите би можеле да работат најмногу 60 дена. Од осамостојувањето на Република Македонија за студентите нема законски регулиран начин за основање на работен однос.

Состојби во однос на законската регулатива

Според Законот за студентски стандард, под студентски стандард, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите. Со овој закон поцелосно и пошироко се уредува исклучиво дејноста студентски стандард и тоа во делот на основните одредби, основањето и престанокот со работата на студентските домови, сместувањето на студентите, цената за сместување на студентите во студентските домови, управувањето и раководењето со студентските домови, финансирање на дејноста во студентските домови, стипендирањето на студентите, надзорот над спроведувањето на одредбите,

прекршочните одредби и преодните и завршни одредби. Генерално, со ЗСС опфатени се само студентските домови и стипендирањето на студентите.

Министерството за образование и наука има усвоено Правилник за начинот и постап- ката за прием на студентите во државните студентски домови, Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентските домови, Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови, Правилник за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместе- ни во студентските домови. Додека Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукација, сè уште не е донесен.

Во услови на брзи промени во општественото живеење, неопходност од прилагодување кон побарувачката на пазарот на труд ипостојано надградување со нови знаења и вештини, образованиетопретставува основен фактор за успешна иднина на секој човек и ресурс од кој најмногу зависи севкупниот државен просперитет. Оттука произлегува и силната приоритизација на оваа област, која иницира високо координирана соработка на сите релевантни чинители, како суштински предуслов зауспешна реализација на реформските процеси за зголемување на квалитетот и опфатот нанационалниот образовен систем како и студентските стандарди. Тоа, меѓу другото подразбира и спроведување на анализи за идентификување на потребите и мерките за унапредување на образовните можности.

Стратешкиот план на Министерството за образование и наука ја поддржува визијата за сеопфатно, е предвидено унапредување на унапредување на студентскиот стандард преку различни поддршки на учениците и студентите со цел на развивање на стандардитре на учениците и сутдентите кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот и ќе ги зголемува шансите на младите за квалитетни работни места. Целта е тој да обезбеди поголема општествена интеграција во етничка, регионална,

социјална и културолошка смисла, да поттикнува критичко мислење и активно граѓанство.

II ДЕЛ

Анализа на видовите стипендии, постапка за доделување, условите и критериумите за доделување на стипендии за ученици и студенти кои ги доделува Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Вовед

Системот на стипендии во тековната состојба не е ревидиран од кога се донесени основните верзии на законските текстови на Законот за ученички стандард, Законот за студентски стандард и Законот за научно истражувачката дејност, а технички се адаптирани на соодветни измени во овие прописи кога се носени. Дел од стипендиите се доделуваат врз основа на посебни прописи а за некои од нив веќе повеќе години не се распишуваат конкурси. Оценка на МОН е дека е потребна ревизија на постојниот систем со цел истиот да соодветствува на актуелните потреби на учениците и студентите, истиот да се осовремени како би можеле да се ползуваат нови законски можности за водење на постапката преку електронска комуникација, намалување на бирократски баласт, транспарентност и објективност при евалуацијата на барањата за стекнување стипендија и утврдување износи за стипендии кои ќе одговараат на тековни состојби.

Од овие причини направена е анализа на позитивната правна рамка и досегашните практики на МОН врз основа на која во се предложени препораки.

1. Правна рамка

Основен правен основ за доделување на стипендии се: Законот за ученички стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019), Законот за студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), Законот за научно истражувачката дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), Закон за поддршка на млади при купување на музички инструменти (Службен весник на Република Македонија бр. 113/2018), Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства (), Закон за спортска академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2014, 129/2015, 146/2015, 30/2016, 142/2016 и 64/2018).

Подзаконски акти сои МОН ги операционализира законските одредби се:

Одлуки на Владата на Република Северна Македонија со кои се утврдуваат видовите, бројот и износите на стипендиите за ученици и за студенти како и за странски државјани,

Конкурси кои ги донесува МОН а со кои поблиску се уредуваат видот, условите и критериумите за стекнување на правото на стипендија и начинот на пријавување,

Билатерални договори со други држави и универзитети од други држави склучени како: протокол, меморандум, спогодба или програма.

Правилници на МОН: Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија (СЛВРСМ бр.168/2019); Правилникот за постапката и начинот за одобрување на стипендии на странски државјани за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, студиски истражуваа и студиски престои, доделени од Република Македонија

врз основа на билатерални спогодби склучени со странски држави и Правилник за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачки кадри.

Друг акт врз основа на кој се врши утврдување на износот на месечни стипендии за студенти од прв, втор и од трет циклус студии кои студираат во странство, се утврдуваат тековно секоја година, е Решението за утврдување на начинот на пресметка на трошоците за месечна стипендија на студенти кои студираат во странство за тековната академска година (врз основа на Листата на индекси на малопродажни цени за животни трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации).

Одредба со која се дефинира поимот на стипендија и стипендирање не постои, па дефинирањето на стипендија се изведува: форма на откривање, стимулирање и негување на надарени ученици и студенти од различни области на науката, техниката, културата уметноста и спортот, а под стипендирање се подразбира процесот на откривање и доделување на парични средства за претходно наведените цели. Под стипендија се подразбира и покривање на трошоци на ученици односно студенти, односно млади истражувачи за набавка на музички инструменти, учество на студиски престои, посети за изучување на јазикот и културата на други држави (или за странски државјани јазикот и културата во РСМ), трошоци за сместување, школарина и патни трошоци.

МОН обезбедува и еднократен надомест за учество на истражувачи на конференции, објавување на труд во списание со импакт фактор, изработка и одбрана на магистерски труд и изработка и одбрана на докторска дисертација. Од увидот во практиката на МОН овој вид на финансиска поддршка или до сега не е активен, или немал/нема третман на стипендија.

Откривањето е „пасивен“ процес, односно се врши преку начело на странечка иницијатива односно по објавен конкурс учениците односно студентите се пријавуваат како барателиа на стипендија.

2. Практика на МОН

Во практиката, МОН доделува вкупно 62 видови на стипендии, по сите основи по кои МОН доделува стипендија, од кои 4 не се активни.

Вкупен до сега (познат) број стипендии по сите основи, за кои се утврдува квота се 37 видови стипендии, а се обезбедуваат средства за 1787 стипендии, во износ од 540,740.00 евра.

Од увидот во практиката на МОН, стипендиите се доделуваат како:

месечен износ за период од девет месеци, за редовни ученици на јавни и приватни средни училишта;

месечен износ за период од девет месеци за редовни студенти на јавни и приватни универзитети;

како утврден износ за покривање на трошоци за школарина, сместување, исхрана, патни трошоци, месечни трошоци и/или котизација за странски и македонски државјани за програми за мобилност а се доделуваат за учество на летни школи и студиски престои (студенти и истражувачи);

паричен износ за помош при купување на музички инструменти за ученици и за студенти.

Месечен износ за утврден период на време за студенти на втор и на трет циклус студии не се предвидени, или не се сметаат за стипендија.

Врз основа на Законот за научно-истражувачката дејност (чл.50 финансирање на научно-истражувачка дејност) и Правилникот за начинот на финансирање на организација на научни собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни собири и студиски престои во странство (Сл. В. РСМ бр.156/19) МОН распишува Конкурс(и) за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство1. Во практиката на МОН опфатени се како стипендии, студиски престои во држави со кои РСМ има

[1] Пр. Конкурс објавен со Решение бр.15-8132/1 http://mon.gov.mk/content/?id=3311, за 2020 година;

склучено билатерална соработка преку договор/меморандум/спогодба/протокол, но за овој вид стипендии МОН има улога на медијатор, односно другата договорна страна доставува информација до МОН за критериумите и условите за пријавување а МОН ги објавува.

3. Стипендии за ученици (Закон за ученички стандард)

Законска обврска постои за доделување на стипендии во вид на месечен износ за утврден период на време, за редовни ученици во средно образование.

Посебна квота предвидена со закон мора да се обезбеди за ученици Роми.

За другите видови стипендии, бројот и висината на стипендиите МОН врз основа на 7 пропишани услови со Конкурс утврдува кои стипендии ќе доделува, кои од пропишаните услови ќе ги земе предвид, а за потребите на рангирање утврдува критериуми. Утврдените видови стипендии, бројот и висината на износите МОН ги доставува до Владата во форма на информација, за што Владата донесува Одлука.

Во досегашната практика МОН распишува Конкурс за 8 видови стипендии, и посебни стипендии за ученици Роми.

Во натамошниот текст ќе бидат изнесени само видовите стипендии и коментари во однос на утврдените услови/критериуми и предлози каде е оценето дека се можни брзи измени.

Генерални препораки за сите стипендии за ученици:

Неспоивост со други стипендии да има само со други стипендии од МОН односно со други стипендии од јавни институции.

Да се воспостави поедноставен систем на бодување, со фиксно утврден број бодови за секој предвиден услов односно критериум врз основа на кој се врши рангирање.

Секој конкурс да содржи информација дали стипендијата се однесува само на една учебна година, или се пренесува на наредната доколку добитникот ги исполнува условите предвидени со конкурс.2

Генерална препорака:

Да се размисли за доделување на повеќегодишни стипендии со засилена оценка во исполнување на предвидените критериуми. На овој начин ќе се обезбеди предвидливост и мотивираност на учениците да ја задржат стипендијата а ќе се намалат административните процедури за повторно аплицирање. Во таков случај неопходно е да се постават силни механизми за следење на успехот и остварувањата на учениците.

3.1 Стипендии за социјална поддршка на ученици од јавните и приватните училишта во РСМ

Јавните и приватните средни училишта се акредитирани како образовни установи и во таа смисла се еднакви пред законот, во смисла на валидност на дипломите/свидетелствата кои ги издаваат. Сепак, постои разлика помеѓу начинот кој двата вида установи се финансираат. Во досегашната практика на МОН се доделувале стипендии за социјална поддршка на ученици подеднакво без разлика дали се запишани во јавна установа или приватна. МОН треба да завземе став која е целисходноста на стипендијата за социјална поддршка, односно која целна група опфаќа.

Покрај успехот, услов за стекнување со право на овој вид стипендија е материјалната/социјалната положба на потесното семејство на ученикот. Доколку на ученикот му е овозможено да се запише и да се школува во приватно средно училиште, тогаш дали тоа семејство се смета за изложено на социјален ризик односно дали е целисходно ученикот да биде барател на стипендија за социјална подршка? Ниту во закон ниту во Одлуката на Владата

[2] Доколку наредната учебна година се предвидат критериуми различни од годината кога барателот се стекнал со стипендија, оваа препорака не е применлива, односно барателот ќе мора да приложи доказ дека ги исполнува условите од конкурсот за новата учебна година;

нема обврска/основ да се стипендираат ученици запишани во приватните училишта со социјална стипендија, оваа одлука е резултат на „претходна образовна политика“.

Понатаму, од ученикот барател на стипендија за социјална поддршка се оценува материјална состојба и социјална положба на потесното семејство. ЗУС чл.54 ст.3 ал.4 утврдува само материјална состојба како услов. Претпоставка е дека потребата од дополнителен пропишан услов произлегува од ограниченият број (квота) на стипендии, па мора да се рангираат пријавените кандидати.

Барателите се ограничени, да не се корисници на други стипендии. Ова е услов утврден од МОН, со Конкурс, не со Закон. Законска пречка нема, ученикот да се здобие со дополнителни финансиски средства или друг вид поддршка од приватен сектор или граѓански сектор. Другите извори не се на трошок на државата. И овој критериум претпоставка е дека произлегува од ограниченият број стипендии.

Системот на бодување е утврден од МОН со цел рангирање поради ограничен број стипендии. Доколку се укине ограничувањето, односно се стимулираат сите ученици кои ги исполнуваат условите тогаш не мора да има рангирање.

Доколку опстојува, да се размисли зошто максималниот број бодови да биде ограничен. Ограничувања се неопходни кога се изразува успех во перцентилен ранг или во проценти (минимум 0 максимум 100), кога се вреднуваат награди/места на ученик/студент не мора да биде ограничен максимален број на бодови. Поедноставен модел на бодување воедно е и потранспарентен и секој барател може однапред да пресмета колку бодови би постигнал. Секој критериум за рангирање треба да се вреднува со фиксен бод(ови) и истите да се собираат.3 За таа цел, потребни се измени во подзаконски акти на МОН со кои е уреден начинот на утврдување и пресметување на бодови, односно начинот на рангирање (Правилник).

[3] Оваа забелешка е применлива за сите видови стипендии за кои се предвидуваат критериуми за рангирање на барателиi;

Постојните конкурси не се прецизни, дали стекнато право на стипендија продолжува наредната учебна година доколку ученикот ги исполнува условите без пријавување или повторно се јавува барателот на јавен конкурс за наредната учебна година.

Препораки:

(од учебна 2021/2022) Бројот на стипендии да се проектира врз основа на бројот на барателите за овој вид стипендија во последните 5 години, а врз основа на анализа на фискални импликации да се предложат износите на стипендиите. За тековната учебна година, да се евалуира само материјалната состојба на потесното семејство.

Стипендии за социјална поддршка на ученици да се доделува само на ученици запишани во јавни средни училишта.

Да се воведе критериум за регионална распределба на стипендиите за социјална подршка на ученици кои се запишале на јавни средни училишта согласно 8те плански региони (NUTS региони).

Доколку сега постапката не е различна, тогаш да се воведе двостепен систем на евалуација на пристигнатите барања, врз основа на попретежен критериум „материјална положба на потесното семејство“, при што пониски примања се рангираат повисоко. Во вториот степен евалуација постојно рангираните барателите се бодуваат согласно постигнатиот општ успех (да е најмалку 4). На тој начин се доделува приоритет на социјалната подршка на барателите кои се најзасегнати. Како дополнителни критериуми во случај да има повеќе пријавени кандидати од пропишаната квота, а да има повеќе барателите со ист број бодови, дополнително како критериум да се бодува „социјалната положба“ на потесното семејство. Износот на бодови да биде однапред познат, односно објавен како прилог или составен дел од конкурсот.

3.2 Стипендии за талентирани ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија

Стипендирањето од приватен или граѓански сектор не е критериум утврден со Закон, туку со акт (конкурс) на МОН. Не постои законска пречка да ученик кој исполнува (високи) критериуми може да користи повеќе стипендии. Посоодветен услов е барателот да не е корисник на друга стипендија од институција. Ова е услов поставен поради ограниченият број стипендии.

Од досегашната пракика на МОН не е јасно зошто за учениците од 2,3 и 4. година се вреднува само една (највисоко) рангирана-освоена награда. Ако ученик во една (претходна) учебна година учествувал на повеќе натпревари и на сите е наградуван со место, зошто да не му се вреднуваат?

Препораки:

Да се овозможи ученици да бидат корисници на повеќе стипендии од приватен или граѓански сектор.

Да се вреднуваат сите наградени места на натпревари во последната (претходна) учебна година за ученици од 2,3 и 4 година.

3.3 Стипендии за талентирани спортисти од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија

Од пракиката на МОН, не е јасно зошто за 2,3 и 4 година се вреднува само една награда од претходна учебна година, а во следниот критериум се доделуваат дополнителни бодови за доставени повеќе од предвидените награди/дипломи. Дали 10 бодови се додаваат и за 2 дополнителни награди и за три и за четири?

Да не е корисник на стипендии од други институции или фирми не е законски услов. Бидејќи тука се наведуваат „институции“ мислејќи на јавен сектор, може да стои корисник на стипендии од други„ јавни институции“. Ова произлегува од ограниченият број стипендии.

Препорака:

За ученици кои бараат стипендија за 2,3 и 4 година да се прецизира бодовник на приложени награди/дипломи и секоја да се вреднува, наместо дополнителни 10 бодови за „повеќе од потребните“...

(можно е) да треба интервенција во Правилник.

3.4 Стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско- туристичка струка во Република Северна Македонија (јавни и приватни)

Бројката на освоени награди е минимум една при пријавување. Не е јасно дали тоа е доволен услов доколку барателот е повторен барател на стипендија, дали сеуште му важи (на пр. само) една награда еднаш постигната. Дали стипендијата се продолжува наредните учебни години доколку ученикот ги исполнува условите или секоја година од почеток се пријавува? Овака се толкува дека секоја година (од ново) се пријавува.

Да се биде корисник на стипендија од фирми, граѓански сектор не е законски ограничено, само со Конкрус на МОН а произлегува од ограниченият број стипендии. Не е понудена аргументација зошто ученик кој успева да заслужи стипендија од друго место - а која не е на трошок на државата - да не може да конкурира и за државна стипендија, кога целта е да се стимулираат талентирани ученици.

Комисијата која ги разгледува пријавите, формирана при МОН, може самата да утврдува дополнителни критериуми доколку има повеќе кандидати со ист број бодови. Со ова Конкурсот остава простор за дискреционо толкување што значи „повеќе“ кандидати, како и кои критериуми кои не се однапред познати за барателите на стипендијата ќе ги земе предвид, и како ќе ги бодува.

Препораки:

Да се прецизира дали и како ќе се вреднуваат награди за барател по учебна година, пр. да се зема предвид награда од претходна учебна година (доколку е повторен барател).

Да се прецизираат дополнителни критериуми во случај да има повеќе од 15 пријавени барателиси ист број бодови, или ист број бодови со 15-тиот рангиран барател.

Бројот на бодови да не биде ограничен.

3.5 Стипендии за ученици со посебни потреби од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија

Ограничувањето барателите да се приматели на стипендии од приватен или граѓански сектор не е утврдено со Закон, само со акт на МОН, Конкурс. Произлегува од ограниченият број стипендии.

Условот бр.3 кој бара само достава на наод/мислење... Иако е оправдан - мора да постои јавна исправа издадена од надлежна установа/орган која ќе констатира дека ученикот го исполнува условот за овој вид стипендија, создава нееднаквост помеѓу барателите со различен наод, имајќи предвид дека само успех остварен во основното, односно во текот на средното образование. Барателите со помала попреченост или само со физичка попреченост може да постигнат повисок успех (оценки) во текот на образованието.

Препораки за учебна 2020/2021:

да се предвидат посебни стипендии за ученици со посебни потреби, за секоја категорија на „состојба“ : 1) попреченост во физичкиот развој, 2) попреченост во психичкиот развој.

Препораки за сега: да се специфицира како се врши бодувањето, ако само успех се зема предвид - како се остварува максимумот бодови.

Препораки кои можат да важат од учебна 2021/2022.

Овој вид стипендија да се трансформира во Образовна социјална помош, во надлежност на МТСП или МОН, но не и во форма на стипендија бидејќи оваа категорија ученици не се во еднаква положба да се натпреваруваат за повисок успех од објективни причини, односно состојбата не им дозволува и не е правичен натпреварот помеѓу учениците со различен вид и степен на попреченост.

Да се направи проценка за децентрализација на оваа стипендија на локалната самоуправа.

3.6 Стипендии за ученици – деца без родители од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија

Препорака:

Да се прецизираат дополнителни критериуми во случај да има барателi со ист број бодови со 50от рангиран барател (ако има).

Да не се доделуваат стипендии за ученици – деца без родители запишани во приватни средни училишта во РСМ.

Од учебната 2021/2022 да не е ограничен бројот на стипендии.

3.7 Повраток на средства за купен музички инструмент (за ученици)

Коментар на условите и критериумите за оваа учебна година се нецелисходни, бидејќи се целосно утврдени со Закон.

3.8 Стипендии за ученици на загинатите или починатите припадници на безбедносните сили, како и на децата – ученици на починатите припадници на АРМ во хеликоптерската несреќа која се случи на 12.1.2008 г.

Молбите од учениците и студентите се собираат во текот на целата година. На крајот на годината се формира комисија која одлучува по доставените барања. На учениците им се издаваат решение и се склучува договор, врз основа на кои им се исплаќа стипендија.

3.9 Стипендии за ученици Роми

Утврдени се пет категории, за редовни ученици Роми запишани во јавните и приватните средни училишта:

постигнат успех од 4.50 до 5.00, во последната учебна година

успех од 3.5 до 4.49, во последната учебна година

успех од 3.0 до 3.49, во последната учебна година

успех најмалку 3.0, ученици со посебни потреби, во последната учебна година

успех од 2.00-2.99, во последната учебна година

За учебната 2020/2021 категориите се утврдени од страна на Владата со Одлука, а на предлог од страна на МОН. Потребно е да се провери врз основа на што се предложени категориите и која е целта за нив.

Доделување на стипендии за „маргинализрана“ заедница ученици Роми запишани во приватни средни училишта, каде школарината е неколкупати повисока од понудените стипендии е нецелисходно. Потребно е МОН да заземе став дали со овој вид стипендија се стимулира инклузија на учениците Роми, во кој случај останува отворено прашањето дали ученик кој може да си дозволи учење во приватно средно училиште треба да се стипендира со посебна квота (на пр. 5та категорија, месечна стипендија од 600 денари)?

За четвртата категорија, покрај успехот се предвидува и посебен основ „посебни образовни потреби“, а предност се дава на ученици со повисок општ

успех од оценките. Исто така, не е јасно дали доколку се пополнат категориите 1, 2 и 3 ученик со просек повисок од 3 може да биде добитник на стипендија од категорија 4 и 5.

Препораки:

Да не се стипендираат ученици роми (по овој основ) кои се запишани во приватни средни училишта.

Иако Законот не го бара тоа, зошто не се дополнат критериумите со редовност во настава, односно максимален дозволен број на неоправдани изостаноци во претходната завршена година за ученици во втора, трета и четврта година, или највисок дозволен број неоправдани изостаноци.

3.10 Стипендии за ученици запишани во паралелките на Спортска академија

Нема критериуми за рангирање бидејќи не се рангираат кандидати. Нема пропишани квоти. Не е наведен износот на стипендијата. Секој ученик - барател кој ги исполнува условите е примател на стипендија.

4. Стипендии за студенти (Закон за студентски стандард, стипендии за државјани на РСМ)

Бројот и износот на стипендии за студенти државјани на РСМ не е утврден во Закон, но постои законски сооднос кој мора да биде запазен:

49% се за студенти од социјалните категории,

30% се за студенти кои постигнале особен успех во учењето,

20% се за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и

1% се за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.4

Оттука со ЗСС, чл. 49, ст. 10 посредно се утврдува дека мора да се утврдат (најмалку) четири вида стипендии или четири категории на услови и критериуми, плус стипендии за студенти Роми.

Овој модел на афирмативна мерка за стимулирање на поедини студиски програми има ограничувачки ефект (ex lege) во однос на утврдувањето на бројот на стипендии кои се доделуваат. Препорака е ал.1 од овој член да биде изземена за да може да се предвиди сите студенти кои ги исполнуваат условите да бидат опфатени.

Генерални препораки:

Во однос на ал.2, 3 и 4 мора да се направи анализа на реалниот број запишани студенти последните 3 до 5 години, на овие студиски програми како и смислата за посебното стимулирање на студиските програми од ал.3 и 4. Доколку целисходноста на стипендиите е да се стимулираат дефицитарни струки на пазарот на труд треба (повторно) да се утврди нивната дефицитарност. На пример, дали информатичко-технолошки струки се уште дефицитарни, кога на јавните и приватните универзитети во оваа струка се запишуваат и завршуваат поголем број студенти од вкупниот број запишани студенти на општествено-хуманистички студиски програми.

Износите на стипендиите да се утврдуваат со некаква цел, а врз основа на пресметка на трошоците на студирање, живот, сместување, патни трошоци на студентите а само за студентите кои постигнале особен успех во студирањето и дефицитарните студиски програми да бидат повисоки.

[4] На пр.: од вкупно 100 стипендии би се распределиле 49, 30, 20 и 1на; на 1000 стипендии 490, 300, 200, 10; на 1500 стипендии 735, 450, 300, 15;

Да се воведе поедноставен систем на бодување со фиксен број бодови за секој утврден услов/критериум и бодовникот да се објавува како прилог или составен дел од конкурсот.

Во секој конкурс да стои дали стипендијата се доделува само за една учебна година или продолжува доколку добитникот ги задржал пропишаните услови.

Да се премине на модел на повеќегодишно стипендирање, секаде каде студиите траат подолго од една учебна година (два академски семестри).

МОН преку аналитика, да спроведе анализа на родова застапеност на студентите запишани на студиските програми, и во дефицитарните струки да се предвидат афирмативни мерки за стипендирање на помалку застапените студенти односно студентки.

4.1 Повратна средства за купен музички инструмент (за студенти)

Коментар на условите и критериумите за оваа учебна година се нецелисходни, бидејќи се целосно утврдени со Закон.

4.2 Стипендии за студенти на загинатите или починатите припадници на безбедносните сили, како и на децата – студенти на починатите припадници на АРМ во хеликоптерската несреќа која се случи на 12.1.2008 г.

Молбите од учениците и студентите се собираат во текот на целата година. На крајот на годината се формира комисија која одлучува по доставените барања. На учениците им се издаваат решение и се склучува договор, врз основа на кои им се исплаќа стипендија.

ПРВА ГРУПА

4.3 Стипендии за студенти од социјални категории

Стипендии за студенти од социјални категории - не треба да се доделуваат на студенти запишани во приватни универзитети. Нецелисходно е социјална поддршка да се дава на студент кој (обезбедил) услови да се запише и покрива школарина на приватен универзитет.

Од практиката на МОН не може да се изведе дали се утврдени квоти и колкави се истите. Изоставен е или не е видлив основен услов предиден со закон „учество во Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од средното образование“, потребно е да се провери дали истиот се објавува во конкурс и како се бодува. Практика на МОН во минатото била да се ограничуваат барателите на стипендија да бидат корисници само на еден вид стипендија, што не е ограничување засновано на закон и произлегува од ограниченост на квоти, инаку не е оправдана.

За стипендии за социјална поддршка се дава предност преку дополнителни бодови за студенти запишани на технички факултети и медицински науки, и различни критериуми со просек за студенти од уметности и општествени науки - иако за тие научни области има посебни стипендии за кои условите за стекнување на стипендијата се понизок успех - од успехот утврден за социјалната поддршка преку стипендија. Не е видлив аргумент зошто е тоа така?

Препораки:

Условот барателот да не е корисник на друга(други) стипендии од институции, компании или фирми да се смени, во барателот да не е корисник на друга стипендија од јавни институции.

Стипендии за социјални категории да се доделуваат само на студенти запишани на јавни високообразовни установи.

Да се воспостави поедноставен систем на бодување каде секој вреднуван критериум носи фиксен број бодови, наместо постојниот модел максимални можни бодови по критериум и на „дополнителни 10 бодови“ за точки 2 и 4 од

конкурсот.5 Бодовникот да биде објавен како прилог или составен дел од конкурсот со цел да се обезбеди транспарентност на постапката.

ВТОРА ГРУПА

4.4 Стипендии за студентите запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи и 40 стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на приватните универзитети

Од практиката на МОН не може да се изведе колку стипендии се доделуваат на студентите запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи, оваа категорија стипендии опфаќа 30% од вкупниот број стипендии за студенти.

Законот за студентски стандард, не предвидува влада да го определува бројот и износот на стипендии, туку истото е политика/проценка/проекција на МОН која владата ја потврдува со акт.

Не се предвидени критериуми кои се бодуваат за екстра-курикуларните достигнувања на студентите: дали студенти не учествуваат на натпревари: дали студенти не изработуваат проекти, изложби, учества на државни и меѓународни конференции, посети на летни школи, студиски престои, Учество во ЕРАЗМУС… Имајќи предвид дека оваа категорија стипендии опфаќа студенти со особен успех во студирањето треба да се вреднува секое достигнување на студентот.

Препораки:

Да се воспостави поедноставен модел на бодување со фискен број бодови за секој услов и критериум и да се вреднува секое достигнување на студентот

[5] 2: студенти запишани на технички факултети и медицински науки; 4: студенти деца на самохран родител, студенти деца на невработени родители, студенти деца без родители и родителска грижа, студенти деца со посебни потреби и студенти деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини за кои вкупните приходи во семејството се под нето минималната плата утврдена во Република Македонија;

доколку е поврзано со студиската програма на која е запишан и за која бара стипендија. Бодовникот да биде објавен како прилог или составен дел од конкурсот со цел да се обезбеди транспарентност на постапката.

Исто како погоре. Да се стимулира подолгорочна поддршка на студентите и да се обезбеди стимул да се задржи стипендијата преку оценка на успехот и постигнувањата на студентите

ТРЕТА ГРУПА

4.5 Стипендии за запишани студенти на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи од област на информатички технологии

Не е јасно дали ова е кумулативен услов/критериум со општите услови, а овој вид стипендија е дел од стипендиите за студенти со постигнат особен успех во студирањето (4.4.) или е посебна квота со посебен услов/критериум кој носи дополнителни бодови? Практика на МОН е услов за пријавување на конкурс успех од најмалку 9 од 1ва до тековно запишана студиска година.

За оваа „квота“ стипендии не е предвидено (или не е видлива) можноста студенти запишани на приватни универзитети и високообразовни установи од област на информатички технологии да можат да аплицираат. Ако е целта да се стимулира оваа студиска програма, а условот е постигнат успех тогаш исклучувањето на студентите од приватните У и ВОУ ги дискриминира, исто така не видливо колку стипендии се доделуваат?

Препораки:

МОН да заземе став ИТ дали се изведува од чл.49 ст.10, како природно-математичка, или техничко технолошка област или како засебна издвоена квота, или како посебен услов за стекнува со право на стипендија за студен кој постигнал особено висок успех во образованието.

Целосно да се ревидира ставот дали ИТ се уште се дефицитарна студиска програма и струка на пазарот на труд. Доколку се бара повисок општ успех од

општиот утврден во 4.4 и студиските програми по ИТ запишуваат повеќе студенти подолг период на време тогаш нема потреба од оваа квота, туку да биде посебен услов во рамките на 4.4.

4.6 Стипендии за студентите запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и и/или медицинските науки (јавни и приватни У и ВОУ)

Дефицитарни студиски програми, условите и критериумите за рангирање се веќе ниски, формулирани на начин кој укажува дека не се пополнуваат предвидените квоти.

4.7 Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките – науки ХЕМИЈА

4.8 Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките – науки ФИЗИКА

4.9 Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките – науки Математика

Практиката на МОН е утврдување на услов просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,00 просечен успех за студенти запишани на студиски програми по хемија, физика и математика.

Станува збор за „утврдени“ дефицитарни студиски програми, а условот е веќе низок – и подразбира студентот да е редовен, запишан на соодветна студиска програма, со што се исполнуваат условите за стекнување на стипендијата.

Препораки:

Потребно е МОН преку организациона единица за аналитика, да ја анализира практиката до сега, дали има повеќе пријавени кандидати од предвидената квота, колкава е квотата, дали бројот на овој вид стипендии влегува во истиот

број стипендии од „4.6“ а овие студенти имаат предност, дали ќе се утврдуваат дополнителни критериуми за рангирање. Доколку редовно не се пополнуваат квотите тогаш нема потреба од интервенции, но тоа мора од интерна евиденција на Секторот за ученички стандард – Одделение за студентски стандард - МОН да провери. Доколку има доволен/поголем број барателиморада се предвидат критериуми за рангирање, најмалку бодовник врз основа на постигнат успех, и/или други достигнувања на барателите.

ЧЕТВРТА ГРУПА

4.10 Стипендии за студенти запишани во прва година на студиските програми на високобразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишно воспитание, основното и средното образование

Не се предвидени критериуми, само услов барателот да е запишан на соодветна студиска програма. Со оглед дека законот предвидува 1% од вкупниот број стипендии да биде предвиден за овој вид стипендија, мора да има некаков утврден број на овие стипендии. Доколку практиката укажала дека не се пополнува квотата тогаш нема потреба од интервенции, доколку пак има доволен/поголем број барателитогаш мора да се утврдат критериуми за рангирање, барем бодовник за успех, и/или екстра-курикуларни активности на барателите.

4.11 Студентски стипендии за студенти Роми

Чл.49 ст.5 ал.5, за разлика од ученици, за студентите роми законот изрично наведува дека не смеат да се корисници на стипендии од други институции или фирми (да се провери дали граѓански сектор како што се фондации се опфатени со оваа норма). Дали под фирма се мисли во смисла на Законот за трговски друштва или е генеричка форма за секое правно лице.

Студенти запишани на приватните универзитети немаат законски основ за стипендија од овој тип. Доделувањето на студентски стипендии за

маргинализирани заедници кои можат да се запишат и студираат на приватни универзитети не е целисходно на целта на стипендијата. Од пракиката на МОН не може да се изведе колкава е квотата и износот на овој вид стипендија.

Условите за пријавување на конкурсот се едноставни и соодветствуваат на видот стипендија.

Пропишаните критериуми (со конкурс) укажуваат на рангирање врз основа на постигнат среден успех. Предност при селекција им се дава на студентите кои студираат на факултети кои образуваат наставен кадар, но не е прецизирано како им се дава предноста. Дали предност имаат независно од постигнатиот успех, или во случај на ист број бодови со друг кандидат, имаат предност.

Не е наведено дали стипендијата се стекнува еднаш и се задржува, (под кои услови) или секоја година повторно се пријавуваат барателите? Вака срочено се изведува дека секоја година повторно се пријавуваат.

Препораки:

Да не се доделува овој вид стипендија на студенти запишани на приватни ВОУ.

Да се прецизира како се доделува предноста на студентите студираат на факултети кои образуваат наставен кадар.

Генералните препораки.

4.12. Владини стипендиски – Балкански полуостров (Закон за студентски стандард, стипендии за странски државјани)

Согласно Законот за студентски стандард, овој вид стипендија треба се реализира преку Конкурс кој МОН го распишува за странски државјани (чл. 49 ст.2), а добитници се кандидати за кои Владата со Одлука утврдила дека студиската програма која ја студираат е од државен интерес.

Од практиката на МОН се стекнува впечаток дека стипендиите се доделуваат согласно чл.49 ст.1 за државјани на РСМ бидејќи се бара од барателите да достават извод од матична книга на родени со впишана етничка определба како Македонец/Македонка. Не е јасно дали е ова грешка или е нецелосно преземен критериум. Дали само припадници на етничката заедница македонец/македонка може да се добитници, или тие се исклучени? Не е јасно зошто воопшто – ако стипендијата се доделува на странски државјани е битно каква им е етничката определба? Зошто им се бара извод од матична книга на родени а извод/доказ за државјанство?

Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија од 28.6.2020 г., утврдува дека 50 стипендии се доделуваат на странски државјани (САМО) со македонско потекло, што укажува на примена на чл.49 ст.1 во кој случај ќе мора или да се бара дообјаснување дали се мисли изрично на мекдонско етничко потекло во кој случај оваа одлука има дискриминаторен карактер или се мисли на потекло-државјанство, во кој случај ќе мора критериумот да се корегира само да стои „впишана етничка определба“. Диспозитивот на одлуката на владата не одговара на насловот на одлуката – никаде не е утврден државниот интерес – односно студиската програма од државен интерес за која се доделува стипендијата.

Од постојната состојба, се изведува дека од државен интерес е да кој било „етнички“ македонец/македонка која живее во држава од балканскиот полуостров и има странско државјанство а изразил желба да студира во Република Северна Македонија, може да се стекне со стипендија. Дури и да остане овака – бидејќи актот на владата е веќе донесен, нема никакви критериуми за рангирање доколку се јават повеќе од 50 барателии – македонци кои живеат во државите на Балканскиот полуостров (Романија, Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово, Бугарија, Грција).6

Другите критериуми соодветствуваат на барателистрански државјани.

[6] Распишан конкурс: http://mon.gov.mk/content/?id=3289;

Правилникот за постапката и начинот за одобрување на стипендии на странски државјани за додипломски студии (...) не предвидува овакви услови, утврдува надлежност на МОН – Сектор за високо образование дека ја води постапката, и видовите трошоци кои ги покрива МОН. Од практиката на МОН останува нејасно дали овој правилник е применлив на овие кандидати, или пак некој билатерален акт или пак Одлуката на Владата.

Препорака:

Целосно да се ревидира овој вид стипендија. Која е смислата на оваа стипендија.

Доколку се задржува стипендијата, да се воведат критериуми за рангирање на пријавени кандидати.

МОН да предложи до Владата студиски програми или области од државен интерес со цел дополнување на Одлуката на Владата.

5. Стипендии за студенти кои студираат во странство

5.1 Стипендии за прв циклус студии во странство – Шангај

Општа забелешка за сите стипендии кои се доделуваат за прв, за втор и за трет циклус во странство (ШАНГАЈ): МОН, не треба да бара повеќе услови/докази од студентот од универзитетот на кој е запишан. Тоа е карактеристично и оправдано доколку се стипендира студент запишан во друга држава, каде било бидејќи МОН нема непосреден увид во квалитетот односно реномето на универзитетот. Во случајов ако условот е да е запишан кандидат на високо рангиран универзитет – неговиот квалитет и амбиции се потврдени со фактот дека го примиле. Наместо постојните обврски кон добитниците на стипендија, да се воведат обврски за задржување на редовност, успех и/или други достигнувања во текот на студиите.

Законот за научно-истражувачка дејност дава исклучив услов да стипендии се доделуваат на кандидати запишани на рангирани универзитети.

За граѓани запишани на втор и на трет циклус студии во РСМ ЗНИД предвидува различен третман, и предвидува средства за финансирање (не е јасно дали ова не се смета за стипендија) за стекнување на степен магистер и доктор на науки (чл.52 ст.4 ал.2 и ал.3), иако важат истите правила за доделување преку јавен конкурс на МОН (чл.52 ст.5) со поднесување барање (чл.52, ст.11).

Бидејќи условот е доказ дека студентот е примен за првпат во прва година, дали стипендијата автоматски се доделува за време траењето на студиите - доколку студентот ги задржи условите (кои услови)?

Од практиката на МОН не може да се изведе дали се утврдуваат квоти? Дали сите барателиkои ги исполниле условите се стекнуваат со стипендија? Ако има квота, кои се критериумите за рангирање?

Во Конкурсот распишан на 19.8.2020 г.,7 (забелешката важи за сите стипендии во кои тоа се бара) како потребен документ од кандидатите се бара доставување на документи за кои никаде не е наведено дали и како се бодуваат, па не е јасно (иако на прв поглед изгледа логично) зошто се бараат од кандидатите:

Иако постои како можен услов во Закон, не е јасно зошто од барателите кои доставуваат доказ дека се примени на универзитет во друга држава, рангиран меѓу првите 10 од сите области, или првите 100 од областа на техничките науки, архитектурата, градежништвото, математиката, меѓународното право, економијата и финансиите, физиката, биологијата, хемијата и генетиката, согласно последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Цио Тонг универзитет им се бара доказ за познавање на јазик, кога тој веќе е примен на универзитет. Претходни постапки низ кои кандидатот поминал го барале тоа од него, и тој/таа веќе ги докажал или доколку универзитетот тоа не го бара а је соодветно рангиран тогаш зошто МОН (РСМ) бара повеќе услови од тие што универзитетот ги бара. Иако,

[7] Распишан конкурс за доделување стипендии за академски студии од прв циклус во странство за академската 2020/2021 година, http://mon.gov.mk/content/?id=3283 на 19.8.2020 г.;

кандидат веќе сигурно поседува таков документ (инаку како е примен) овој вид барања само го обременуваат бирократски процесот.

Мотивациско писмо. Ова е вид документ кој универзитетите ги земаат предвид бидејќи ги интервјуираат кандидатите и соодветно ги рангираат. Зошто МОН го бара? Дали некој ги цени и како (бодува) овие документи? Ако не, зошто МОН ги прибавува?

Воедно, од објавениот конкурс не е прецизно наведено дали стипендиите се едногодишни, или траат сè до завршување на студиите и под кои услови? Од друга страна, Конкурсот содржи обврски кои не се однесуваат на успехот и достигнувањата на кандидатот за време на студиите, туку обврска да се врати во РСМ – ова е одраз на (претходно воспоставена владина) политика, но не е заснована на закон. Од кандидатите се бара за секоја година помината во студии во странство (претпоставка 4 години, 8 семестри) да работи две години во РСМ (8 години), со должност да даде приоритет и да биде на располагање за вработување во јавниот сектор. Кандидат кој ќе дипломира на универзитет од првите 100 рангирани во светот, оваа понуда/обврска не може да се согледа како примамлива/прифатлива. Доколку пак се вработи во една од компаниите на Fortune top 500 листата во странство, може да остане најдолго 3 години а потоа „мора да си даде отказ и да се врати во РСМ за да ја одработат претходно наведената обврска“. Како е ова форма на стимулирање на млади, да се образуваат во странство на (нај)престижни универзитети? А во случај на одбивање да ја покријат обврската, се бара да го вратат целосно платениот износ – десет кратно.

Препораки:

Доколку сè уште, ова е активна владина политика тогаш, МОН да спроведе интерна анализа на досега доделените стипендии, да направи увид во тековното работно место на завршени стипендисти и да се направи проценка на оправданоста на овој вид стипендија – дали е во интерес на државата и кој е интересот. Дали да се распишуваат стипендии за конкретни студиски

програми/магистерски студии/ докторски дисертации-проекти кои се од државен интерес на РСМ?

Да се ревидираат обврските со кои стипендистите се обврзуваат да се вратат во Република Северна Македонија, дали да се задржат постојните. Дали може на стипендист да му се „гарантира“ вработување при враќање во РСМ.

Доколку стипендистите се обврзуваат на „одработување“ односно некаква форма на повратна стипендијата, тогаш дали е форма на стипендија – или да се трансформира во форма на студентски кредит (student loan) за кој овој вид обврска е оправдана. Стипендија по правило се доделува со цел стимулирање и поддршка на студент која не се враќа по успешното завршување на студиите.

Алтернативно:

Целосно да се ревидира политиката на државата за стипендирање на државјани на РСМ кои се запишале на универзитет во друга држава. Во насока, да се овозможи владата да стипендира поголем број студенти во што поголем број универзитети од други држави, без ограничување за рангирањето врз основа на „Шангај“. Надоместокот за школарина на многу универзитети во други држави е релативно-понизок од највисоко рангираните а на некои високорангирани е бесплатно.

Да се воведат целосни и делумни стипендии за студенти запишани на универзитети во други држави. Преку делумната стипендија МОН ќе може да поддржи студенти запишани на универзитети во други држави, кои обезбедиле дел од средствата за студирање доколку се согласи студентот по завршување на студиите да се врати во РСМ под договорени/утврдени услови.

Алтернативно:

Доколку се заема поинаков став тогаш овие обврски да се укинат, да се заменат со обврски кои кандидатот ги има кон успешното завршување на студиите, редовно завршување на студиски обврски, (евентуално) одреден минимален успех во текот на студиите и други достигнувања. За секоја последователна

запишана студиска година, МОН може да бара една или две препораки од наставниот кадар чии предмети студентот ги положил.

Генералните препораки.

5.2 Стипендии за прв циклус во странство – ликовна уметност, кинематографија и филмска продукција, драмска уметност и музика

Бидејќи условот е доказ дека студентот е примен за првпат во прва година, не е јасно дали стипендијата автоматски се доделува за време траењето на студиите - доколку студентот ги задржи условите (и под кои услови)?

Од пракиката на МОН не може да се изведе дали сите барателиkои ги исполниле условите се стекнуваат со стипендија? Ако има квота, кои се критериумите за рангирање?

Воедно, не е јасно дали е предвидена посебна квота за овие студиски програми – дали аплицирањето за оваа стипендија е исклучиво од аплицирањето за стипендиите од „5.1“, каде условот гласи „студент запишан … на првите 10 рангирани универзитети од сите области“ или барател може да се јави на двата конкурси.

Без увид во конкретен објавен конкурс, не може да се изведе дали важат истите забелешки кои важат за 5.1.

5.3 Стипендии за академски студии од втор циклус[8] и трет[9] циклус во странство (Шангај)

[8] Распишан конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор циклус во странство за академската 2020/2021 година http://mon.gov.mk/content/?id=3278 на 18.8.2020 г., и Дополнување http://mon.gov.mk/content/?id=3282;

[9] Распишан конкурс за доделување стипендии за академски студии од трет циклус во странство за академската 2020/2021 година http://mon.gov.mk/content/?id=3284 на 19.8.2020 г.;

Во пракиката на МОН, не се прави јасна разлика помеѓу услов (за пријавување на конкурс) и критериум (за рангирање на пријавени кандидати).

Условите за втор циклус студии во странство се преземени од закон, а се засноваат на претходно постигнат успех, и доказ дека барателот е примен на еден од првите десет рангирани универзитети од сите области, односно на еден од првите сто рангирани универзитети од областа на техничките науки, архитектурата, градежништвото, математиката, меѓународното право, економијата и финасиите, физиката, биологијата, хемијата и генетиката, согласно последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Цио Тонг универзитет.

Во Конкурсот како услов / потребен документ се бара доказ за активно познавање на јазикот на кој се изведува наставата. Доколку стипендиите се доделуваат за запишан студент на кој било универзитет во друга држава може да се разбере овој вид услов, но со оглед дека се бара барателот да е запишан на високо рангиран универзитет, овој услов иако предвиден со закон – и претпоставка е дека студентот веќе го поседува потребниот документ, претставува непотребно бирократско отпретување. Како обврска предвидена со Законот за научно-истражувачка дејност, препорака е да се избрише чл.52, ст.6 ал.3.

Во потребните документи, зошто се бара мотивациско писмо? Кое мотивациско писмо? Дали се мисли на истото со кое студентот се пријавил и запишал на универзитет или мотивациско писмо со кое од студентот се бара да образложи зошто е барател на стипендија од РСМ и како смета дека ќе придонесе кон развојот на науката и струката во која студира за државата? Како се вреднува доколку воопшто се вреднува овој прилог? Другите услови со приложената документација само се констатираат, не се ценат, ако е така тогаш овој документ исто така е непотребно бирократско оптоварување и је нецелисходно да се бара. Како обврска предвидена со Законот за научно-истражувачка дејност, препорака е да се избрише чл.52, ст.6 ал.6.

Препорака:

Во однос на обврските од конкурсот важат истите забелешки како кон обврските од 5.1. Доколку се уште, ова е активна владина политика тогаш нема препораки за менување, доколку пак се ревидира тогаш овие обврски да се укинат, да се заменат со обврски кои кандидатот ги има кон успешното завршување на студиите, редовно завршување на студиски обврски, (евентуално) одреден минимален успех во текот на студиите и други достигнувања, МОН може да бара една или две препораки од наставниот кадар чии предмети студентот ги положил.

Генерални препораки:

Условите за трет циклус се преземени од Закон и се поекстензивни, но важат истите забелешки како и за условите предвидени за втор циклус во однос на доказот за активно познавање на јазик (ЗНИД чл.52 ст.7 ал.4.).

Условот-потребно работно искуство предвиден во законот (чл.52 ст.7 ал.5.) ги обврзува кандидатите да имаат стекнато работно искуство до моментот на запишувањето на универзитет, иако не сите универзитети (ако воопшто некој, во субјективно искуство ниту еден) бараат услов за запишување на трет циклус студии – односно „докторска школа“ кандидатите да се или биле вработени. Се бара академско искуство, кое се докажува преку претходно завршен степен образование, публикации, учество на конференции и сл. Законот претпоставува дека надарен/талентиран студент не може да биде примен на високорангиран универзитет во кус временски период по завршувањето на втор циклус студии. Од друга страна во поповолна состојба се ставени кандидатите вработени во научно-стражувачка или високообразовна установа. Конкурсот дополнува дека може да се стекнал со работно искуство во стопанството, но не е јасно во РСМ, во колку компании може да се бави некој со научно истражувачка дејност, а воедно се бара да се бавел кандидатот со дејност поврзана со областа на студиите од прв и втор циклус – а не со областа на која е примен во трет циклус за што се бара стипендијата. Не е јасно зошто МОН во Конкурс утврдил старосна граница за баратели на стипендија, до 35 години кога законот тоа не го бара? Доколку постојат такви ограничувања во

универзитетот каде се запишува,тогаш нема да се запише. А доколку целта на стипендиите е да се финансираат само кандидати запишани на високорангиран универзитет тогаш зошто старосната граница? Практика на универзитети постои да времето кога аплицира кандидатот на докторски студии не биде подолго три или пет години од стекнувањето со диплома за завршен втор циклус студии, но ова е повторно политика на самите универзитети, зошто МОН предвидува критериуми различни од универзитетот на кој кандидатот се запишал?

Препораки:

Во однос на обврските кон добитниците на стипендија, за трет циклус студии во странство (Шангај) важат истите забелешки и препораки како и за прв и за втор циклус студии.

Да се укине старосната граница.

Да се ревидира работното искуство како услов, може да биде критериум.

Стипендии за втор, и/или за трет циклус студии за кои нема (не може да има) интервенции

За натаму наведените стипендии не може да се дадат препораки во однос на условите, критериумите и начинот на стекнување бидејќи произлегуваат билатерален договор со друга страна (универзитет или држава) склучен како протокол/ спогодба / меморандум / програма.

За сите натаму наведени стипендии важи општа забелешка која однесува на малата видливост и нејасност дали постојат услови за стекнување, дали за сите постојат утврдени квоти (за некои е наведено максимум колку за некои не), дали кандидати кои се одбиени имаат право на правен лек и до кого?10

[10] Доколку правните лекови се предмет на утврдување на другата договорна страна тогаш нема простор за интервенции;

5.4 Стипендија „Борис Трајковски“

Се издава согласно протокол потпишан меѓу Универзитетот Шефилд и РСМ.

5.5. Стипендии за постдипломски студии за изучување на старотурски (отомански) јазик на некој од светските универзитети

Конкурсот не е активен од 2015 година.

5.6 Стипендии за студии од втор циклус од областа на филмската и музичката уметност на Academy of Performing Arts (FAMU), во Прага, Република Чешка

Меморандумот за соработка помеѓу МОН FAMU беше склучен со важност од 5 години. По истекување на важноста на Меморандумот повторно истиот не е обновен и со тоа завршува важноста за доделување на стипендиите. Конкурсот не е активен од 2017 година.

Препорака:

Чл.52 ст.8 со кој се предвидува оваа стипендија треба да се избрише. Во иднина стипендии со конкретни универзитети од други држави да не се предвидуваат во општ материјален пропис (lex generalis) туку да се применува Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори или со билатерален акт.

5.7 Стипендии за последипломски студии на ЈНУ Институт за филм, Филмска академија – Охрид

Конкурсот не е активен од 2017 година. Стипендијата е утврдена со Закон за научно-истражувачка дејност, чл.52 ст.9.

Препорака:

Да се ревидира каква е состојбата со ЈНУ Институт за филм, Филмска академија – Охрид за да се утврди зошто не е активен конкурсот и доколку е излишна одредбата да се избрише од закон.

5.8 Стипендии за академски студии од втор циклус за студенти примени на академски студии на реномирани универзитети од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција, драмската уметност и музиката

Конкурсот не е активен од 2015 година. Стипендијата е утврдена со Закон за научно-истражувачка дејност, чл.52 ст.10.

Препорака:

Да се увиди кои се причините зошто конкурсот не е активен и дали постои оправданост за оваа одредба, или може да се користи конкурсот од 5.3 за втор циклус.

6. Мобилност на македонски граѓани и странски државјани во РСМ

Од увидот на Веб страницата на МОН (6.10.2020) овој вид стипендии не е видлив. Доколку Веб страницата на МОН служи како единствено јавно гласило, во делот (табот) за Конкурси – да има дел „активни стипендии“ кој ќе се применува на сите па и на овој вид стипендии, а за овој вид стипендии да има посебен нагласок - да стојат некаде на видно место.

Имајќи предвид дека станува збор за стипендии кои опфаќаат различно времетраење, летна школа, студиски престој, еден или повеќе семестри и сл., на Веб страната да биде видно колку од предвидените стипендии за секој вид е искористен/слободен како заинтересираните баратели би знаеле кога да поднесат барање. Исто така, од приложениот материјал, нема информација за сите стипендии дали се ограничени или не се.

Никаде не се наведени услови за пријавување / критериуми за рангирање доколку во исто време се јават повеќе баратели за истата стипендија, во најмала рака да се применува начелото „прв пристигнат прв услужен“.11

Од друга страна, наведено е дека врз основа на потпишаниот акт странската земја испраќа известување/повик до МОН (РСМ) кое МОН го објавува на веб страницата на МОН и ги информира македонските граѓани за видот на стипендијата, критериумите, крајниот рок за аплицирање и институцијата до која треба да се достават апликациите. Во тој случај, за тие стипендии за кои се познати критериумите истите да се објават, доколку пак секоја година/квартал/семестар критериумите може да се разликуваат – тогаш нема простор за препорака во оваа насока, освен да бидат објавени на видно место – одвоени од другите објави/конкурси.

7. Постапка за добивање стипендија и правни лекови

Стипендии за ученици	Стипендии за студенти (1, 2 и 3 циклус)
МОН доставува информација до Владата	МОН доставува информација до Владата
Владата донесува Одлука	Владата донесува Одлука
МОН распишува конкурс	МОН распишува конкурс
Ученици доставуваат барање со потребна документација	Студенти доставуваат барање со потребна документација
Комисија при МОН, ги разгледува пријавите и одлучува / Законот чл.54 ст.7 пропишува дека постапката ја води овластено службено лице	Комисија при МОН, ги разгледува пријавите и одлучува / Законот чл.54 ст.7 пропишува дека постапката ја води овластено службено лице (усогласено со

[11] Доколку е предмет на уредување и спроведување од другата договорна страна тогаш нема услови за интервенции;

(усогласено со ЗОУП 2015, чл.24), кое одлучува, во рок од 60 дена од прием на барање./од приложениот материјал (од конкурс) овој рок е 30 дена (согласно ЗОУП 2015, чл.30, но спротивно на ЗУ Стандард).	ЗОУП 2015, чл.24). За повратна музички средства: Изрично МОН формира Комисија за разгледување на пристигнатите барања и утврдување на исполнетост на услови, една за студенти, една за ученици. Комисиите изготвуваат извештај, врз основа на кој министер носи решение.
-ОСЛ во рок од 3 дена од прием на барањето, побарува докази за државјанство, извод од матично (и други пропишани документи) по службена должност, од надлежни органи	-ОСЛ во рок од 3 дена од прием на барањето, побарува докази за државјанство, извод од матично (и други пропишани документи) по службена должност, од надлежни органи
-ОСЛ од надлежните органи се должни да ги достават бараните докази во рок од 3 дена од прием на барањето од ОСЛ-МОН.	-ОСЛ од надлежните органи се должни да ги достават бараните докази во рок од 3 дена од прием на барањето од ОСЛ-МОН.
ОСЛ при МОН (конкурсот вели министер) Одлучува со Решение, врз основа на кое се склучува договор со секој поединечен кандидат.	МИНИСТЕРСТВОТО (не е прецизирано во закон кој. Во практиката одлучува министер) одлучува во рок од 60 дена од прием на барање, со Решение, врз основа на кое се склучува договор се секој поединечен кандидат.

Незадоволните кандидати имаат право на жалба против Решението со кое се одбиени, во рок од 15 дена до ДКОУППРОВС.	Незадоволните кандидати имаат право на жалба против Решението со кое се одбиени, во рок од 15 дена до ДКОУППРОВС.
По жалбите, комисијата одлучува во рок од 15 дена.	По жалбите, комисијата одлучува во рок од 15 дена.

Извор: сопствени истражувања преку Коресподенција со Министерство за образование и наука, Секторот за ученички и студентски стандард април 2021.

Специфични постапки:

Молбите од учениците и студентите деца на загинатите или починатите припадници на безбедносните сили, како и на децата ученици и студенти на починатите припадници на АРМ во хеликоптерската несреќа која се случи на 12.1.2008 г., се собираат во текот на целата година. На крајот на годината се формира комисија која одлучува по доставените барања. На учениците им се издаваат решение и се склучува договор, врз основа на кои им се исплаќа стипендија.

Согласно законот за научно истражувачката дејност (стипендии – втор и трет циклус, ШАНГАЈ), по објавениот конкурс од МОН, овластено службено лице ја води постапката за прибирање на докази по службена должност од други органи – други одредби во однос на постапката нема. Одлучува „министерството“ што како формулација остава на МОН да пропише кој ќе одлучи, дали овластено службено лице, дали организациона единица или друго тело на МОН или министерот. Во практиката постапката ја води Комисија за рагледување на барањата за доделување на стипендии за студии од втор и трет циклус во странство. Комисијата е составена од 5 члена, двајца

претставници од МОН тројца надворешни претставници (два универзитетски професори и еден од бизнис заедницата). Комисијата ги разгледува доставените барања, ја утврдува исполнетоста на условите и доставува предлог листа до министерот, а министерот донесува решение за избраните кандидати

8. Резиме на препораки

На краток рок, за претстојните конкурси да се применат генералните и посебните препораки наведени во точки 3 – 5, односно:

Воспоставување на поедноставен систем на бодување, со бодовник кој ќе предвидува фиксен број бодови за секој потребен услов/ критериум за рангирање и да се бодува секое освоено место на државен или меѓународен натпревар. Бодовникот да биде составен дел или прилог на објавениот конкурс.

За сите стипендии за кои се утврдува квота, во конкурсот да бидат наведени кои критериуми се бодуваат во случај да има повеќе пријавени кандидати од предвидениот број стипендии.

Стипендии за социјални категории, стипендии за Роми и стипендии за деца без родители да не се доделуваат на ученици односно студенти запишани на приватни образовни односно високообразовни установи.

Да се размисли за воведување на афирмативни мерки за стипендии на девојки во ИКТ (анализата на состојбите е утврдена во Родово-буџетската изјава на МОН)

Да се утврди оправданоста и да се ревидира потребата од распишување посебен конкурс за стипендии за ученици запишани на средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско- туристичка струка во Република Северна Македонија. Неспоивост со други стипендии да има само со други стипендии од МОН односно со други стипендии од јавни институции. Учениците односно студентите да може да се корисници на други видови финансиска поддршка која не произлегува од буџетот на РСМ.

Секој конкурс да содржи информација дали стипендијата се однесува само на една учебна година, или се пренесува на наредната доколку добитникот ги исполнува условите предвидени со конкурс.

(за 3.1) За тековната учебна година, да се евалуира само материјалната состојба на потесното семејство, а доколку е неопходно рангирање како критериуми да

се задржи социјалната положба на потесното семејство, но преку однапред познат систем на фиксно бодување.

(3.5) Стипендиите за ученици со посебни потреби да се поделат во две засебни категории кои одвоено ќе се рангираат, посебно за деца со попреченост во физичкиот развој и посебно за деца со попреченост во психичкиот развој или да премине во надлежност на МТСП. Да се утврди бројот на апликанти vis a vis корисници на стипендии во изминатите три години н во оваа категорија. Доколку бројот не е голем на овие деца по автоматизам да им се доделат стипендии за учење како социјална помош а не како натпревар за стипендија.

(6) Да се зголеми видливоста на стипендиите кои се доделуваат за мобилност на граѓани на РСМ и на странски државјани а кои се обезбедени преку билатерален акт меморандум/спогодба/програма/протокол.

На среден рок, МОН да пристапи кон ревизија на постојните подзаконски акти со кои се го утврдува видот на стипендии, постапката на доделување на стипендии и начинот на бодување на критериумите за рангирање, за стипендии за кои се утврдува квота.

(3.9)За учебна 2020/2021 да се ревидираат категориите на стипендии за ученици Роми: категорија пет да се укине, а да се направи проценка дали може да се постави критериум за задржување на стипендија најголем дозволен број неоправдани изостаноци.

(4) За учебна 2020/2021 МОН да направи ревизија на квотите и видовите стипендии за студенти, со цел објективно да се утврди дефицитарноста на поедини студиски програми и целисходноста на нивното стипендирање.

(4.12) Целосно да се ревидира смислата, условите и начинот на доделување на стипендии за „Владини стипендисти – Балкански полуостров“.

(5 и 5.1, 5.2, 5.3) Да не се бара од студентите запишани на високорангирани универзитети (ШАНГАЈ) повеќе услови или услови различни од потребните за

упис на универзитетот. Да не се бараат редундантни докази како што се доказ за познавање на јазик на кој се изведува наставата (студентите веќе го докажале тоа пред универзитетот на кој се запишале, за што доставуваат доказ) и да не се бара мотивационо писмо – или да се прецизира какво мотивационо писмо и како се бодува.

(5 и 5.1, 5.2, 5.3) Да се ревидира целисходноста на овие стипендии, и следствено МОН да заземе став во однос на обврските пропишани со конкурс дали се задржува политиката на обезбедување на поврат на стипендистите во РСМ со цел да ја „одработат“ стипендијата, во кој случај може да се трансформира во форма на „студентски кредит“, со некаква форма на загарантирано вработување или целосно да се ревидираат, студентите да имаат обврска да задржат успех и проодност на универзитетот или други достигнувања во текот на студиите, а не обврска да се врата во РСМ под закана од ригорозни и законски неоправдани санкции.

Да се укине старосната граница од најмногу 35 години за студентите на трет циклус студии и да се ревидира потребата од претходно работно искуство, тоа ако не претставува пречка студентот да се запише на докторски студии на високорангиран универзитет не е целисходно МОН (РСМ)да му го наметнува.

Доколку нема, МОН да овласти службено лице за постапки за доделување на стипендии за ученици, службено лице за постапки за доделување на стипендии на студенти. Доколку се задржи ставот постапките да ги води МОН, тогаш едно лице член на комисијата да биде овластено службено лице или сите членови да бидат овластени, што е обврска предвидена со Закон за ученички стандард, Закон за студентски стандард, Закон за научно-истражувачка дејност и со Законот за општата управна постапка.

Доколку нема, со Решение да се утврди трошковник врз основа на кој ќе се утврдуваат износите на стипендиите за ученици и за студенти кои се запишуваат на јавните и приватните универзитети во РСМ кој ќе го оправда износот на стипендијата: трошоци поврзани со студирањето, патни трошоци, сместување, школарина а за стипендиите кои се доделуваат за ученици

односно за студенти кои постигнале особен успех во учењето односно студирањето да се предвиди дополнителен износ кој ќе биде стимулација за ученикот односно студентот.

На долг рок, да се ревидира законскиот основ за соодносот на категориите стипендии за студенти, дали е се уште оправдан,

49% се за студенти од социјалните категории,

30% се за студенти кои постигнале особен успех во учењето,

20% се за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и

1% се за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.

Целта е МОН од пасивна улога, на објавувач на конкурси за доделување на стипендии да стане активен двигател во препознавањето, поддршката и следењето на успехот и достигнувањата на учениците и студентите.

Да се проверат капацитети и ресурсите на МОН во соработка со образовни и високобразовни установи сами да детектираат и следат успех и достигнувања на ученици односно студенти.

Да се ревидираат техничките можности на системите е-досие за ученици, и iKnow системот за високообразовни установи за активно/тековно следење на успехот на учениците/студентите и можност да содржат електронски верзии од потребни докази за стекнување на услови за барање на стипендија, преку истите ученикот/студентот да поднесува барање до МОН.[12]

[12] Во учебната 2020/2021 година, при упис на јавни високообразовни установи учениците кои се пријавиле за упис сите документи ги приложувале во скенирана форма преку iKnow, за увид од страна на конкурсните комисии;

Објавувањето на конкурси да премине во модел на постојано активен конкурс, кој за секоја учебна година ќе се ажурира по потреба, а ќе овозможи ученици односно студенти да можат да се пријавуваат за барање на стипендија по заклучувањето на оценките во секое полугодие односно по заверката секој академски семестар.

МОН да развива капацитети за активно следење на успехот и достигнувањата на студенти кои се здобиле со стипендија, во текот на целото студирање и по службена должност истите да ги евалуираат, служејќи се со сите можности и обврски кои правно им ги овозможува и наметнува Законот за општата управна постапка чл.37 ст.3, чл.56 ст.3 и 4, чл.57 за електронска комуникација со други јавни институции и прибавување на докази од други јавни институции. Образовните установи и високообразовните установи подлежат на истите обврски. Добитник на стипендија ја задржува до завршетокот на школувањето односно студиите, а овластено службено лице од МОН периодично ќе прибавува докази за исполнетост на условите за задржување на стипендијата од надлежните јавни институции за што добитникот на стипендијата дава согласност преку изјава.13 Од корисникот на стипендија ќе се бара дополнително да доставува само докази кои не ги води по службена евиденција ниту една јавна институција.14 После секоја проверка ОСЛ при МОН констатира дали се исполнети условите за задржување на стипендијата во записник кој станува составен дел на предметот за корисникот на стипендија, а доколку не ги исполнува условите истото го констатира во записник и врз основа на тоа донесува Решение за запирање на стипендијата.

[13] Во таа смисла МОН може да побара потврда за редовен ученик/студент, уверение за свидетелство со просек односно уверение за положени испити и сл.

[14] Освоено место на државен или меѓународен натпревар како и докази кои ги поседува универзитет во друга држава.

III Дел

Анализа на сместување во студентски дом, постапка за сместување, условите и критериумите за доделување на легла за студенти кои ги доделува Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија

Вовед

Системот на сместување во студентски домови во тековната состојба не е ревидиран од кога се донесени основните верзии на законските текстови на Законот за студентски стандард а технички се адаптирани на соодветни измени во овие прописи кога се носени. Сместувањето во студенстки дом се врши врз основа на распишаан конкурс. Оценка на МОН е дека е потребна ревизија на постојниот систем со цел истиот да соодветствува на актуелните потреби на студентите, истиот да се осовремени како би можеле да се ползуваат нови законски можности за водење на постапката преку електронска комуникација, намалување на бирократски баласт, транспарентност и објективност при евалуацијата на барањата за стекнување на правото за сместување во студентски дом кои ќе одговараат на тековни состојби.

Од овие причини направена е анализа на позитивната правна рамка и досегашните практики на МОН врз основа на која во се предложени препораки.

1. **Правна рамка**

Основен правен основ за сместување во студентски домови во Република Северна Македонија е Законот за студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), Под студентски стандард, во смисла на овој закон,

се подразбира обезбедување на сместување,исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско рекреативните и други заеднички потреби на студентите.

Основни одредби со која се дефинира поимот на сместување е дефинирано во Законот која ја уредува дејноста студентски стандард и тао основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието. Студентски домови се основаат за остварување на интереси и потреби за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење. Истите имаат својство на правно лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија. Дејноста студентски стандард што се остварува во студентските домови е од јавен интерес. Секој редовен студент, под еднакви услови утврдени со овој закон, има право да престојува во студентски дом. Во студентскиот дом е забрането верско образование, како и политичко и верско организирање и дејствување. Во просториите на студентскиот дом се забранува истакнување на партиски и верски обележја. Студентскиот дом има статут. Согласност на статутот на државниот студентски дом дава Министерството за образование и наука. Согласност на статутот на приватниот студентски дом дава основачот. Владата на Република Македонија во согласност со развојните документи, донесува програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), Министерството за образование и наука донесе Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови во прилог целосниот правилник

НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРОТ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат нормативите и стандардите за опремата, просторот и кадарот во сту- дентските домови (во натамошниот текст: домот).

Член 2

Домот се гради и опремува според стандарди и нормативи за изградба и опремување на овој вид објекти.

Објектот на домот е удобен, функционален, практичен и треба да ги задоволува еколошките и естетските стандарди.

Домот има заградена дворна површина, спортски игралишта, зелена површина и објекти за рекреација и рехабилитација.

Член 3

Опремата на просторот во домот одговара на намената и овозможува квалитетни услови за учење, престој и живеење на студентите.

Опремата е функционална, безбедна, стабилна, изработена од квалитетен материјал, лесна за одржување, со естетски изглед и ергономски карактеристики.

Во собата на студентот за учење, престој и живеење има кревет, работна маса, стол, ѕидна полица и гардеробер.

Санитарниот простор за студентот е опремен со туш кабина, ВЦ-шолја, мијалник и друга санитарна опрема.

Член 4

Простории за престој, живеење, учење, рекреација и рехабилитација на студентот во домот се:
- соба на студентот;

- посебен санитарен простор за студентот;
- библиотека и читална;
- информатичка училница;
- простор за студентски клуб и слободни активности;
- просторија за перење и пеглање за студентите;
- трпезарија и
- сала за спортски, рекреативни, рехабилитациски и културни активности со помошни простории.

Член 5

Собата на студентот во домот има површина до 5,5 м2 по студент.

Член 6

Простории за кадарот за управување, раководење, организација и координација на домот се:
- просторија за директор;
- просторија за секретар;
- просторија за сметководство;
- просторија за архива и
- просторија за референти за сместување и исхрана и други простории.

Член 7

Простории за материјално-технички и услужни дејности во домот се:
- кујна со помошни простории опремена според HACCP;
- трпезарија опремена со соодветен број на маси и столици;
- просторија за економ-домаќин;
- санитарии и гардероба за персоналот од кујната;
- просторија за перење и за пеглање;
- остави;
- просторија за прибирање валкана постелнина и остава за чиста постелнина;
- котлара за греење;
- работилница за хаус мајстор;

- гардероба и санитарии за технички персонал;
- гардероба и санитарии за хигиеничарки и
- простор за складирање на смет.

Член 8

Инфраструктурни објекти и други простории во домот се:
- влез со натстрешник и портирница;
- санитарни простории за јавните простории;
- резервен влез и излез, ходници и скали со ознаки за излез и евакуација;
- пешачки приод;
- двор и градина;
- игралишта за спортски и рекреативни активности;
- паркови и останати зелени површини во согласност со можностите на локацијата и
- паркинг-простор.

Домот обезбедува соодветен пристап за лица со инвалидитет.

Член 9

Димензионирањето на просториите од членовите 4, 6, 7 и 8 од овој правилник треба да е во согласност со важечките меѓународни стандарди за овој тип на објекти и во согласност со прописите за стандардите за планирање и проектирање на објекти.

Просториите од членовите 4, 6, 7 и 8 од овој правилник треба да се опремени и димензионирани според видот и капацитетот на домот, како и нивната намена.

Член 10

Сите простории во домот треба да ги задоволуваат хигиенско-техничките потреби кои се однесуваат на: природна светлина, проветрување, греење и ладење, заштита од бучава, снабдување со вода, одвод на отпадни води, машински и електрични инсталации, заштита од пожар, поплава и други елементарни непогоди и кражба.

Собите треба да се максимално осветлени и заштитени од прекумерно загревање - топлина.

Просториите за работа, престој и спиење во домот треба да имаат можност за природно проветрување.

Термичката заштита, заштитата од бучава и акустиката на ѕидовите треба да е изведена согласно важечките стандарди и прописи. Заштитата од бучава и акустика треба да овозможува добра слушност и разбирливост на говорот, како и максимален оддек при слушање музика.

За греење на просторот во домот треба да се користи централен систем.

Просториите во домот во периодот на грејната сезона треба да се рамномерно затоплени на околу 20 степени целзиусови.

Снабдувањето со вода се врши преку инсталации на водоводната мрежа со хемиски и бактериолошки исправна вода за пиење.

Отпадните води треба да истекуваат преку канализационата мрежа која е приклучена на комуналната канализација или на друг начин, согласно прописите кои ја уредуваат оваа материја.

Електричната инсталација треба да е зашитетна и осигурана, за ТВ приемникот, интернетот и разгласот и други потреби, согласно прописите кои ја уредуваат оваа материја.

Член 11

Заштитата од пожари се остварува со вградување противпожарен материјал, изготвување правилници/протоколи за постапки во случај на пожар, со сигнализација, противпожарни апарати, ознаки за евакуациони правци на движење и излези, согласно прописите кои ја уредуваат оваа материја.

Заштитата од поплава се остварува со превенција и обука за постапки за време на поплава.

Заштитата од земјотрес се остварува со навремена едукација и обукапреку вежби кои се организираат еднаш или двапати годишно, согласно прописите кои ја уредуваат оваа материја.

Заштитата од провали, кражба и насилство се остварува со поставување аларм, видеонадзор и физичка заштита, согласно прописите кои ја уредуваат оваа материја и финансиските можности на домот.

НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА КАДАРОТ

Член 12

Раководните и стручно-административните работи во домот ги вршат следните извршители по работни места и број на студенти во домот согласно приложената табела:

Број на студенти	Директор	Управник	Референт за сместување и друг кадар за сместување	Референт за исхрана и друг кадар за исхрана	Административен кадар и друг административен кадар
до 300	1	0	1	1	3
301-500	1	1	2	1	4
501-1000	1	1	3	2	5
1000-2000	1	1	4	3	6

над 2000	1	2	6	3	7

Извор : "Службен весник на Република Македонија бр.52/2014". Бр. 08-2127/1 27 февруари 2014 година Скопје

Член 13

Работите во кујната во домот ја вршат следните извршители по работни места и број на оброци кои се подготвуваат во домот согласно приложената табела:

Број на оброци	Готвач	Помошник готвач	Садомијач и друг помошен кадар
до 150	1	1	2
151-300	2	1	3
301-500	3	2	5

Извор : "Службен весник на Република Македонија бр.52/2014". Бр. 08-2127/1 27 февруари 2014 година Скопје

Ако во кујната во домот се подготвуваат над 500 оброци дневно, бројот на готвачите и садомијачите се зголемува за еден извршител на секои 200 оброци.

Ако домот има повеќе објекти кои се оддалечени еден од друг повеќе од два километри и има организирано кујна и трпезарија согласно предвидените нормативи и стандарди, табелата од став 1 на овој член се применува поединечно по објект.

Член 14

Во домот работат:
- еден магационер за една кујна и
- еден набавувач за една кујна.

За физичко обезбедување на домовите, за секоја издвоена зграда, се грижат до четири чувари-портири.

За одржување на хигиената, затоплување и тековно одржување на објектите работните места се пополнуваат според следните нормативи:
- еден хигиеничар на 450 м2 нето корисна површина;
- еден мајстор за одржување на 3000 м2 бруто површина;
- еден ложач за една котлара и/или
- една перачка-пеглачка на секои 500 студенти.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

2. Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19, 248/20 и 302/20) и член 42 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јануари 2021 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2021 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард, Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.307/20). Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 45 од Законот за студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19, 248/20 и 302/20). Сместување и исхрана на студенти во Република Северна Македонија се остварува во седум државни студентски домови, во три приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив може да се сместат околу 5.550 студенти. Сместувањето на студентите во студентските домови е регулирано со Правилникот за начинот на прием на студенти во државните студентски домови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/13, 98/13 и 130/16). Месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа Министерството за образование и наука изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината. Министерството за образование и наука целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови во износ од 6.820 денари за еден студент за најмногу 10 месеци во годината и тоа за студенти кои се сместени во студентските домови, а се: деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40% од вкупниот број на расположиви места во студентските домови. За студентите согласно CEEPUS програма, Министерството за образование и наука ги покрива трошоците за сместување и исхрана во студентски домови за времето

на престој во Република Северна Македонија. Цената за еден студент е 6.820 денари месечно. Со оваа програма опфатени се следните видови на стипендии за студенти, како и останати права на истите: 1. стипендии "Прва група" - стипендии за студенти од социјалните категории со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината; 2. стипендии "Втора група":- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50 за студентите запишани на техничките факултети и медицинските науки, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех, со месечна стипендија од 4.400 денари за девет месеци во годината; - стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината; - стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 8,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по македонски јазик, македонска книжевност и јужнословенски книжевности со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината; 3. стипендии "Трета група":- стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината; - стипендии за студенти кои се запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, од научното подрачје на природно-математиките науки, на студиски програми по математика, хемија или физика, со месечна стипендија од 18.000 денари за

девет месеци во годината; 4. стипендии "Четврта група": стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование со месечна стипендија од 6.050,00 денари месечно, за девет месеци во текот на студиската година; 5. стипендии за студенти - деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" број 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), со месечна стипендија од 3.993 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно; 6. стипендии за студенти - деца на починатите припадници на Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука со месечна стипендија од 3.993 денари за девет месеци во годината. 7. 25 стипендии за најдобрите студенти запишани на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со месечна стипендија од 5.150 денари за девет месеци во годината; 8. стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовани установи во Република Северна Македонија; 9. стипендии за редовни студенти од прва година запишани на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, кои биле корисници на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината; 10. стипендии за студенти запишани на еден од првите сто рангирани универзитети според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, и тоа на насоките утврдени со конкурсот објавен од Министерството за образование и наука. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а

месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство; 11. стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Северна Македонија. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство; 12. стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија, музика и филмска продукција. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство; 13. стипендии за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно; 14. стипендии за студенти од странство кои се од интерес на државата, за изучување на македонскиот јазик и писмо и/или англискиот јазик преку посета на обуки/курсеви на некој од државните универзитети во траење од 1 до 3 месеци, со месечна стипендија од 5.000 денари, трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок,

ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, како и бесплатна обука/курс за изучување на јазик, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување и повратен авионски билет; 15. стипендии по други основи. Со Програмата 6 - Студентски стандард согласно расположивите средства за 2021 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности (субвенционирање на музички инструменти за најдобрите студенти, патување за најдобрите студенти од првите три најдобро рангирани високообразовни установи во Република Северна Македонија, рангирани согласно со Законот за високото образование (*), покривање на трошоци на студенти за учество на меѓународни студентски натпревари во знаење). Исто така, се планира купување на опрема и машини за кујните на студентските домови. Во Потпрограма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови се планира продолжување со реконструкција на дел од студентските домови. Со Потпрограма 11 - Декада на Ромите, согласно расположливите средства за 2021 година се планираат стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија. Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Програма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови и Потпрограма 11 - Декада на Ромите, се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	ОПИС	НАМЕНА	ИЗНОС
Програма 6			**ВКУПНО:**	**682.770.000**
Потпрограма 60	420	Стоки и услуги	Патни и дневни расходи	1.500.000
Потпрограма 60	424	Стоки и услуги	Поправки и тековно одржување	200.000
Потпрограма 60	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	200.000
Потпрограма 60	464	Субвенции и трансфери	Разни трансфери, стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови	672.870.000
Потпрограма 60	480	Капитални расходи	Купување на опрема и машини за кујни на студентски домови	8.000.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма ТК			**ВКУПНО:**	**120.000.000**
Потпрограма ТК	482	Капитални расходи	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ	120.000.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма 11			**ВКУПНО:**	**11.035.000**
Потпрограма 11	420	Стоки и услуги	Патни и дневни расходи	100.000
Потпрограма 11	424	Стоки и услуги	Поправки и тековно одржување	85.000
Потпрограма 11	425	Стоки и услуги	Договорни услуги	5.000.000
Потпрограма 11	464	Субвенции и трансфери	Разни трансфери, стипендии за студенти Роми од прв циклус на студии	5.850.000
			СЕ ВКУПНО Програма 6, Потпрограма ТК и Потпрограма 11:	**813.805.000**

Извор : "Службен весник на Република Северна Македонија". Бр. 44-12461/1-20 5 јануари 2021 година Скопје

3. **Енергетски ефикасни и рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија**

Во програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во период од 2020-2024 во делот за образование предвидено е следното:

Ќе изградиме или реконструираме основни и средни училишта во Аеродром, Скопје, Студеничани, Бутел, Велес, Тетово, Чучер Сандево, Чаир, Кисела Вода, Куманово, Арачиново и други. Ќе ги опремиме регионалните центри за стручно образование и обука (VET центри) во Тетово, Куманово и Охрид. Ќе ја изградиме математичко-информатичка гимназија и Универзитетскиот

кампус „Мајка Тереза“во Скопје. ***Ќе вршиме изградба, реконструкција, санација и обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови****; Ќе планираме изградба на спортски сали во повеќе училишта каде тоа недостига.*

Што се однесува до предвиденот за студентските домови треба да наведеме дека усвоено е информацијата за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“, кој се однесува на унапредување на енергетски-ефикасна реконструкција и модернизација на студентски домови во државна сопственост.

Со овој проект, предвидено е зголемување на енергетската ефикасност, структурниот интегритет и основната удобност. Програмата ќе се фокусира на студентски домови во државна сопственост во: Скопје, Прилеп, Битола, Охрид и Штип.

Заедно со обновата на енергетската ефикасност на зградите и структурното зајакнување, основните мерки за удобност ќе бидат суштински дел од Програмата, како што е реновирање на санитарни инсталации, обнова на електрична опрема, безбедносни мерки, стандардни работни соби, итн. со цел да се подобри средината за живеење и учење за студентите.

Проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“, ќе чини околу 25 милиони евра, а рокот за реализација на овој проект е 2025 година, со цел да ги подобри условите за учење и комфор на студентите.

4. Постапка за прием на студенти во студентските домови

Конкурсот кои ги донесува МОН со кои се уредува видот, условите и критериумите за стекнување на правото на сместување во студентски дом и

начинот на пријавување, во прилог Конкурсот за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија за студиската 2021/2022 година и правилникот за начинот на прием на студентите во Државните студентски домови.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 24 од Законот за студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018, 20/2019и 19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Министерството за образование и наука распишува:

Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија за студиската 2021/2022 година

I.1. Во студиската 2021/2022 година во државните студентски домови и други соодветни објекти за сместување во Република Северна Македонија во приватните студентски домови ќе се примаат редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните високообразовни установи во Република Северна Македонија и тоа:

Реден број СТУДЕНТСКИ ДОМ МЕСТО Број на легла за студенти од I година Број на легла за студенти од II, III, IV, V и VI год. и апсолвенти ВКУПЕН БРОЈ НА ЛЕГЛА

Реден број	СТУДЕНТСКИ ДОМ	МЕСТО	Број на легла за	Број на легла за	ВКУПЕН БРОЈ НА

			студенти од I година	студенти од II, III, IV, V и VI год. и апсолвенти	ЛЕГЛА
1	ДСД “СКОПЈЕ”	Скопје			
	- ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ		246	970	1216
	-КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ		98	392	490
	-СТИВ НАУМОВ – трета зграда		120	481	601
	-СТИВ НАУМОВ – нови бараки		27	111	138
2	ДСД “ПЕЛАГОНИЈА”	Скопје	200	797	997
3	ДСД “ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ СЕНИЌ”	Скопје	74	296	370
4	ДСД “КОЧО РАЦИН”	Битола	77	308	385
5	ДСД “НИКОЛА КАРЕВ”	Охрид	49	194	243
6	ДСД “ОРДЕ ЧОПЕЛА”	Прилеп	268	67	335

7	ДСД “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ”	Штип	46	190	236
8	ПСД “ОАЗА”	Штип	22	90	112
9	ПСД “ХИЛЈАДНИКОВ”	Штип	12	48	60
10	ПСД “ЛОГОС”	Штип	10	42	52
	ВКУПНО:		1249	3986	5235

Извор : https://mon.gov.mk/content/?id=4121 официјална веб страна на МОН

Министерството за образование и наука го задржува правото да го уредува бројот на лица сместени во студентските домови согласно важечките протоколи за работа во услови на справување со вирусот COVID 19 и општата епидемиолошка состојба во државата.

I.2. Распределбата на вкупниот број на расположиви места во домовите се врши на следниот начин:
а) прва група – 40% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за студенти за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија, и тоа за студенти:

деца без родители и родителска грижа,
- деца со посебни потреби,
- деца на корисници на социјална парична помош и постојана парична помош,
- деца на самохран родител,
- деца на невработени родители и
- деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини.

б) Во првата група спаѓаат и студенти за кои вкупните приходи во семејството се над нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија и

тоа за студенти:
- деца без родители и родителска грижа,
- деца со посебни потреби,
- деца на самохран родител,

- деца на невработени родители
- деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини.

в) Втора група – 25% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето.
г) Трета група – 35% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за редовни студенти запишани на прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија кои не припаѓаат во групите од точките а), б) и в) на оваа точка.

I.3. Од вкупниот број расположиви места во студентските домови, 20% се обезбедуваат за студенти, кои за прв пат ќе бидат запишани на прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА ПРИЕМ
II.1. Право на прием имаат редовни студенти кои се државјани на Република Северна Македонија и се школуваат надвор од местото на живеење, запишани на додипломски студии со траење:
- помалку од осум семестри, а не повторувале студиска година;
- осум семестри, а не повторувале повеќе од една студиска година и
- над осум семестри, а не повторувале повеќе од две студиски години;
II.2. Право на прием во државните студентски домови имаат и редовни студенти кои се запишани на јавните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, а се избрани со конкурси, одлуки, решенија, договори и сл. и тоа: владини стипендисти-студенти со македонско потекло, студенти од странство кои студираат на универзитетите и високообразовните установи во Република Северна Македонија, студенти

согласно програмата ЦЕЕПУС, студенти според билателарни договори и слично.

II.3. Немаат право на прием студентите:

1. кои го нарушиле куќниот ред во домот и за што им е изречена воспитна мерка забрана за користење на услугите на домот, за време определено во изречената воспитна мерка,
2. запишани по втор пат како апсолвенти,
3. кои не ги подмириле обврските за сместување кон домовите повеќе од еден месец,
4. запишани на постдипломски студии.

II.4. Студентите кај кои Комисијата за прием ќе констатира злоупотреба на добиеното легло, истото ќе им биде одземено и доделено на студент од листата на чекање за соодветниот дом.

НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Студентите кои ги исполнуваат условите од конкурсот пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација на http://e-uslugi.mon.gov.mk, а доколку немаат можност електронски да аплицираат, пополнуваат хартиена пријава (евидентен лист) и ја доставуваат потребната документација по конкурсот во студентскиот дом. Студентите може да конкурираат за прием само за еден студентски дом. Рокот за пријавување на студентите од II година и повисоките години почнува од 26.07.2021 година и трае до 20.08.2021 година. Рокот за пријавување на студентите од I година почнува од 06.09.2021 година и трае до 24.09.2021 година. Доколку по објавување на конечните списоци со примени студенти по домови остануваат непополнети сместувачките капацитети во одреден дом, пријавување ќе продолжи се до пополнување на истите, но најдоцна до 15.11.2021 година.

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА КОНКУРИРАЊЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

IV.1. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

Студентите кои ги исполнуваат условите од конкурсот пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација на http://e-

uslugi.mon.gov.mk, а доколку немаат можност електронски да аплицираат, пополнуваат хартиена пријава (евидентен лист) и ја доставуваат потребната документација по конкурсот во студентскиот дом:

1. Молба со платена административна такса од 50,00 денари;
2. Потврда за редовност во текот на студиите;
3. Уверение со бројот на предвидени и положени испити од претходните години;
4. Заверен образец "УППИ";
5. Студентите запишани за прв пат во I година, доставуваат копија од дипломата за завршено средно образование и потврда за запишани редовни студии (или друг документ со кој ќе потврдат дека се примени на факултет);
6. Изјава за семејната положба на студентот, односно неговото потесно семејство;
7. Кандидатите-студенти без родители и родителска грижа (да имаат потврда од надлежен Центар за социјални грижи, потврда од домот каде што е згрижен или друга соодветна документација со која ќе докажат дека се деца без родители) и студенти кои се категоризирани како лица со посебни потреби (да имаат наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадена од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој) со кој ќе го докажат нивниот статус;
8. Изјава за користење на личните податоци на кандидатот и неговото потесно семејство (родители-старатели, браќа, сестри), со која кандидатот се сложува Министерството за образование и наука по службена должност да ги обезбеди потребните документи од одредени институции со кои има склучено договори за соработка;
9. Изјава за идентичност на податоците;
10. Изјава од родител – старател за целосно подмирување на трошоците за сместување и исхрана во домот;
11. Потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за месец јуни 2021 година или доколку за овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последната исплатена плата (за родителите-старатели вработени во

државни и јавните установи да се достави потврда за плата заверена од овластен орган, а за родителите-старатели вработени во приватни фирми да се достави потрда за плата како и заверена декларација за прием на платата); за пензионираните членови на семејството да се достави документ за висина на пензија-чек; за разведени родители да се достави доказ за разводот и доколку кандидатот прима алиментација истата да се прикаже како месечен приход, за корисници на социјална помош да доставува последно решение или последен чек, за инвалидитет да се достави лекарска белешка, додека за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција;

12. Министерството за образование и наука по службен пат, согласно потпишани договори за соработка, ќе ги обезбеди следните документи:

- уверение од Управата за јавни приходи, за остварени приходи по разни основи за претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки,добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи) за двајцата родители- старатели на кандидатот поединечно и за самиот кандидат;
- потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;
- извод на родени за брат/сестра под 6 годишна возраст, како и извод на умрените за починат родител од Управата за водење на матични книги;
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи.

IV.2. ДОСТАВА НА ДОКУМЕНТИ

Студентите кои ги исполнуваат условите од конкурсот пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација на http://e-uslugi.mon.gov.mk, а доколку немаат можност електронски да аплицираат, пополнуваат хартиена пријава (евидентен лист) и ја доставуваат потребната документација по конкурсот во студентскиот дом

Кандидатите-студенти без родители и родителска грижа и студенти кои се лица со посебни потреби ги доставуваат документите под реден број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

Заради избегнување на масовни собирања и групирања и спречување на ширење на КОВИД 19, кандидатите кои конкурираат за студентски дом со пријава во хартиена форма (евидентен лист) горенаведените документи ги доставуваат до студентскиот дом за кој се пријавуваат за сместување и тоа почнувајќи од 26.07.2021 година до 20.08.2021 година, додека студентите од I година документите ги доставуваат почнувајќи од 06.09.2021 година до 24.09.2021 година. Студентскиот дом ги доставува документите од сите кандидати до Комисијата за прием и проверка на документацијата во домот за кој конкурираат.
Кандидатите нема да бидат рангирани ако доставената документација е:
- ненавремено доставена.

НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИ

V.1. Начинот и постапката за прием на студентите во студентските домови и други сместувачки капацитети, како и условите за сместување и исхрана се регулираат согласно Законот за студентскиот стандард и Правилникот за начинот на прием на студентите во државните студентски домови (“Службен весник на Република Македонија” број 89/13, 98/13 и 130/16). Во согласност со правилникот за прием на студентите, успехот од средното образование, успехот во текот на студирањето, редовноста во студирањето и семејно-материјалната положба на студентите се основните елементи за рангирање и прием на студентите во студентските домови.
V.2. Конечниот список за прием на студентите од II година и повисоките години ќе се објави на 30.08.2021 година на огласните табли во студентските домови каде конкурирал студентот и на веб страницата на Министерството. Приговор по резултатите се доставува до архивата на Министерството за образование и наука, „ул. Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје во рок од 5 дена од денот на објавувањето на резултатите.

V.3. Конечниот список за прием на студенти од I година ќе биде објавен на 30.09.2021 година на огласните табли во студентските домови каде што конкурирал студентот и на веб страницата на Министерството. Приговор по резултатите се доставува до архивата на Министерството за образование и наука, „ул. Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје во рок од 5 дена од денот на објавувањето на резултатите.

V.4. Доколку бројот на студенти, кои ги исполнуваат условите согласно утврдените групи во глава I.2.од овој Конкурс, е помал од предвидениот број на легла, слободните места ќе се пополнуваат по редослед со студенти кои ги исполнуваат условите од другите групи.

V.5. Доколку се обезбедени соодветни услови, слободните места во студентските домови ќе може да се пополнат со ученици, согласно условите од Конкурсот за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година.

РОКОВИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Студентот се вселува во студентскиот дом почнувајќи од денот на потпишаниот договор со домот во кој е примен, но не подоцна од 10 дена од објавениот конечен список (https://mon.gov.mk/content/?id=4121)

Во прилог правилникот за начинот на прием на студентите во Државните студентски домови донесен врз основа на член 25 став 3 од Законот за студентскиот стандард.

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на прием на студентите во државните студентски домови.

Член 2

За прием во државните студентски домови (во натамошниот текст: домовите) можат да конкурираат редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Македонија, кои се школуваат надвор од местото на живеење, и тоа:

- редовни студенти запишани на факултети кои имаат помалку од осум семестри, а не повторувале студиска година;
- редовни студенти запишани на факултети кои имаат осум семестри, а не повторувале повеќе од една студиска година;
- редовни студенти запишани на факултети кои имаат над осум семестри, а не повторувале повеќе од две студиски години.

Член 3

Студентите запишани по втор пат како апсолвенти не конкурираат на Конкурсот за прием на студентите во домовите (во натамошниот текст: Конкурсот).

Член 4

Студентите кои го нарушиле куќниот ред во домот и за што им е изречена воспитна мерка забрана на користење на услугите на домот, за време определено во изречената воспитна мерка, не конкурираат на Конкурсот во кој било од домовите.

Студентите кои не ги подмириле обврските за сместување кон домовите повеќе од три месеци, не конкурираат на Конкурсот во кој било од домовите.

Член 5

Студентите од член 2 од овој правилник пополнуваат електронска пријава и доставуваат потребна документација по Конкурсот.

Член 6

Приемот на студентите од втора и повисоките години во домовите се врши според:
- успех во учењето,
- редовноста во студирањето и
- семејно-материјалната положба на студентот.

Член 7

Распределбата на вкупниот број на расположиви места во домовите за студентите од член 5 од овој правилник се врши согласно член 25 став (1) од Законот за студентскиот стандард на следниот начин:
а) Прва група - 40% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за студенти за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Македонија, и тоа:
- студенти деца без родители и родителска грижа,
- студенти деца со посебни потреби,
- студенти деца на корисници на социјална парична помош и постојана парична помош,
- студенти деца на самохран родител,
- студенти деца на невработени родители и
- студенти деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини.

б) Во првата група спаѓаат и студенти деца на самохран родител, студенти деца на невработени родители, студенти деца без родители и родителска грижа, студенти деца со посебни потреби и студенти деца на корисници на надоместок

по основ на престанок на работен однос од деловни причини за кои вкупните приходи во семејството се над нето минималната плата утврдена во Република Македонија.
в) Втора група - 25% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето.
г) Трета група - 35% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за редовни студенти запишани на прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Македонија кои не припаѓаат во групите од точките а), б) и в) на овој член.

Член 8

Од вкупниот број на расположивите места во домовите од член 7 од овој правилник 20% се за редовни студенти кои за прв пат ќе бидат запишани на прв циклус студии на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Македонија.

Член 9

Рангирањето на студентите од член 7 точка а) од овој правилник се врши на следниот начин:
- студентите добиваат до 100 бода, при што од вкупниот број бодови до 70 бода се добиваат за остварениот успех во текот на студирањето и до 30 бода за должината на времетраењето на примањето на социјалната парична помош и постојаната парична помош, освен децата без родители и родителска грижа и децата со посебни потреби за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Македонија добиваат максимални 100 бода.

По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 7

По основ на должината на времетраењето на примањето на социјалната парична помош и постојаната парична помош бодовите се добиваат на следниот начин:

Должина на времетраење на примање на социјалната помош и постојана парична помош	Бодови
до 1 година	10
од 1 година до 3 години	20
над 3 години	30

Извор : "Службен весник на Република Македонија бр.89/2013". Бр. 19-9109/3 10 јуни 2013 година Скопје

Член 10

Рангирањето на студентите од член 7 точка б) од овој правилник се врши на следниот начин:
- студентите добиваат до 100 бода, при што до 50 бода добиваат за семејно-материјалната положба и до 50 бода за остварениот успех во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, освен децата без родители и родителска грижа и децата со посебни потреби за кои вкупните приходи во семејството може да бидат и над нето минималната плата утврдена во Република Македонија и тие добиваат максимални 100 бода.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот и неговото потесно семејство, се земаат вкупните месечни примања по член во семејството на студентот (месечните нето плати, пензии и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во

Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот го добива максималниот број на бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35% а се помали или еднакви со 45% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45% а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55% а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 20 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65% а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 10 бода, а за месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија не се добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот бодовите се добиваат на следниот начин:

Семејно-материјална положба на студентот	Бодови
до 35%	50
од 35% до 45%	40
од 45% до 55%	30
од 55% до 65%	20
од 65% до 75%	10

над 75%	0

Извор : "Службен весник на Република Македонија бр.89/2013". Бр. 19-9109/3 10 јуни 2013 година Скопје

По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 5

Член 11

Студентите од член 7 точка в) од овој правилник кои постигнале особено висок успех во учењето добиваат до 100 бода за остварениот успех во текот на студирањето.

По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 10

Член 12

Студентите од член 7 точка г) од овој правилник добиваат до 100 бода, при што од вкупниот број бодови до 40 бода се добива за остварениот успех во текот на студирањето, до 10 бода по основ на редовноста во студирањето и до 50 бода по основ на семејно-материјалната положба на студентот.

По основ на успехот во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 4

По основ на редовноста во студирањето може да се добијат до 10 бода и тоа:
- студенти кои редовно ги заршиле претходните години на студии, без да повторуваат студиска година добиваат до 10 бода,
- студенти кои повторувале студиска година и апсолвенти прв пат не добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот и неговото потесно семејство, се земаат вкупните месечни примања по член во семејството на студентот (месечните нето плати, пензии и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од УЈП - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот го добива максималниот број на бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35% а се помали или еднакви со 45% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45% а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55% а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 20 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65% а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 10 бода, а за месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија не се добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот бодовите се добиваат на следниот начин:

Семејно-материјална положба на студентот	Бодови
до 35%	50
од 35% до 45%	40
од 45% до 55%	30
од 55% до 65%	20
од 65% до 75%	10
над 75%	0

Извор : "Службен весник на Република Македонија бр.89/2013". Бр. 19-9109/3 10 јуни 2013 година Скопје

Член 13

Студентите од член 8 од овој правилник добиваат до 100 бода, при што до 50 бода добиваат за семејно-материјалната положба и до 50 бода за остварениот успех во учењето, односно просечен успех од оценките од дипломата за завршено средно образование.

По основ на успехот во учењето, односно просечен успех од оценките од дипломата за завршено средно образование, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максималните бодови од остварен успех = Просечен успех од дипломата од средно образование x 10

По основ на семејно-материјалната положба на студентот и неговото потесно семејство, се земаат вкупните месечни примања по член во семејството на

студентот (месечните нето плати, пензии и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот го добива максималниот број на бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35% а се помали или еднакви со 45% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45% а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55% а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 20 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65% а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија кандидатот добива 10 бода, а за месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Македонија не се добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот бодовите се добиваат на следниот начин:

Семејнио-материјална положба на студентот	Бодови
до 35%	50
од 35% до 45%	40
од 45% до 55%	30

од 55% до 65%	20
од 65% до 75%	10
над 75%	0

Извор : "Службен весник на Република Македонија бр.89/2013". Бр. 19-9109/3 10 јуни 2013 година Скопје

Член 14

Списокот на студентите со добиените бодови се објавува на интернет страницата на Министерството за образование и наука и на интернет страницата на домовите.

Член 15

Студентите кои според списокот од член 14 од овој правилник се избрани за сместување и исхрана во домовите најдоцна осум дена од денот на објавување на списокот ги доставуваат потребните документи од Конкурсот до Министерството за образование и наука.

Член 16

Од страна на определени лица во Министерството за образование и наука се:
- врши прием и проверка на документацијата од член 5 од овој правилник,
- изготвува конечен список на примени студенти по домови и истиот се објавува согласно член 14 од овој правилник и
- решава по приговори на студенти.

Член 17

Студентот кој е примен на сместување и исхрана во еден од домовите не може да го отстапи местото на друг студент.

Член 18

Местото на студентот кој е примен на сместување и исхрана во еден од домовите, а кој нема да се смести во предвидениот рок со Конкурсот се пополнува по редослед од конечниот список на примени студенти по домови.

Член 19

Ако во домовите останат непополнети места, истите можат да се пополнат со студенти кои не ги исполнуваат условите согласно овој правилник или со ученици запишани како редовни ученици во средното образование.

Студентите од став 1 на овој член плаќаат полна економска цена за сместување и исхрана.

При приемот на учениците од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/10 и 49/11).

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија" бр. 93/07 и 49/11).

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Врз основа на член 25 став (3) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/13 и 30/13), министерот за образование и наука, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на прием на студентите во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија” бр. 89/13) членот 15 се менува и гласи:
„Студентите кои пополниле електронска пријава согласно членот 5 од овој правилник, најдоцна осум дена од завршувањето на електронското пријавување во рокот утврден во Конкурсот, ги доставуваат потребните документи од Конкурсот до Министерството за образование и наука.”

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-9109/5

11 јуни 2013 година — Министер,

Скопје — Спиро Ристовски , с.р.

Врз основа на член 25 став (3) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15 и 30/16), министерот за образование и наука донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на прием на студентите во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/13 и 98/13), во членот 2 се додава нова алинеја 1, која гласи:
„- редовни студенти запишани по прв пат на додипломски судии од прв циклус;“

Член 2

Во член 4 во ставот 2 зборовите „три месеци” се заменуваат со зборовите „еден месец”.

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„Приемот на студентите во домовите се врши според:
- успех во учењето, односно успех остварен во текот на студирањето,
- семејно-материјалната положба на студентот и
- редовноста во студирањето за студенти од втора и повисоките години.“

Член 4

Во член 9 ставот 2 се менува и гласи: „По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 7.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи: „За студентите од член 8 од овој правилник по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 14.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 5

Во член 10 ставот 4 се менува и гласи:„По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 5.“

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:„За студентите од член 8 од овој правилник по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 10.“

Член 6

Во член 11 ставот 2 се менува и гласи:„По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 10.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:„За студентите од член 8 од овој правилник по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 20.“

Член 7

Во член 12 ставот 2 се се менува и гласи:„По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 4.“

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласи:

„Студентите од член 8 од овој правилник добиваат до 100 бода, при што до 50 бода добиваат за семејно-материјалната положба и до 50 бода по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование.

„За студентите од член 8 од овој правилник по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех Х 10.“

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 6 и 7.

Член 8

Членот 13 се брише.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Репулика Македонија“.

Бр. 20-10169/1 Министер

11 јули 2016 година за образование и наука,

Скопје Пиштар Лутфиу, с.р.

5. Студентски домови во Република Северна Македонија

Државниот студентски дом е организиран како јавна установа и дејноста што ја врши е од јавен интерес за остварување на интересите и потребите на студентите кои студираат надвор од местото на живеење. Како установа од

јавен интерес, домот на студентите им обезбедува сместување, исхрана, здравствена грижа, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности. Право на сместување добиваат сите студенти кои ги исполнуваат условите одредени од Министерството за образование и наука кои се наведени погоре.

Во Република Северна Македонија во фунција се вкупно 7 државни и 3 приватни студентски домови во прилог табела со вкупен број на капацитет и место:

Реден број	СТУДЕНТСКИ ДОМ	МЕСТО	ВКУПЕН БРОЈ НА ЛЕГЛА
1	ДСД “СКОПЈЕ”	Скопје	
	- ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ		1216
	-КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ		490
	-СТИВ НАУМОВ – трета зграда		601
	-СТИВ НАУМОВ – нови бараки		138
2	ДСД “ПЕЛАГОНИЈА”	Скопје	997
3	ДСД “ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ СЕНИЌ”	Скопје	370
4	ДСД “КОЧО РАЦИН”	Битола	385

5	ДСД “НИКОЛА КАРЕВ”	Охрид	243
6	ДСД “ОРДЕ ЧОПЕЛА”	Прилеп	335
7	ДСД “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ”	Штип	236
8	ПСД “ОАЗА”	Штип	112
9	ПСД “ХИЛЈАДНИКОВ”	Штип	60
10	ПСД “ЛОГОС”	Штип	52
	ВКУПНО:		5235

Извор: сопствени истражувања преку Коресподенција со Министерство за образование и наука, Секторот за ученички и студентски стандард април 2021.

Државен студентски дом „Скопје“ Општи Информации за Државниот студентски дом „Скопје“ (скратено ДСД „Скопје“ -Скопје) е правен следбеник на студентскиот дом кој е основан со Решение бр. 1275/52 од 01.12.1952 година од страна на Владата на Република Македонија. Неговата дирекција се наоѓа во центарот на градот Скопје на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“ 26б.

Домот е организиран како јавна установа и дејноста што ја врши е од јавен интерес за остварување на интересите и потребите на студентите кои студираат надвор од местото на живеење.

Како установа од јавен интерес, домот им обезбедува на студентите сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности. Право на сместување добиваат сите студенти кои ги исполнуваат условите одредени од министерството за образование и наука.

Организациони Единици

Домот во својот состав има четири посебни организациони единици, на територијата на град Скопје, и тоа:

Студенски дом ,,Кузман Јосифовски Питу“ – Скопје

Студентски дом ,,Гоце Делчев“- Скопје

Студентски дом ,,Невена Ѓорѓиева Дуња“- Скопје (не е во функција)

Студентска населба ,,Стив Наумов“- Скопје

.

IV ДЕЛ

Емпириско истражување за студентските услови и студентскиот стандард преку Анкетен прашалник,

Постигнување на стратешки приоирет унапредување на студентски стандард во Република Северна Македонија


Методолошки приод

За споведување на ова истражување ке биде искористена методоската постапка анкета (Прилог 1). Анкетниот прашалник ќе биде доставен до испитаниците по електронски пат со помош на апликацијата на Google Forms. Анкетирањето ќе биде спроведено врз доброволна и анонимна основа. Мнозинството прашање во анкетата се од структуриран затворен тип и едно прашање од отворен тип опционално. Примерокот на истражувањето е според единствен случаен примерок. Одговорите на поставените прашања ва анкетата ќе ги илустрираме со помош на графикони, а на крај ќе бидат извадени заклучоците од добиените одговори.

Резултатите се добиени врз основа на мислења и ставовите на 60 испитаници. Одговорите на испитаниците беа собрани во период од 10 дена. Графиконите бр.1, 2 и 3 содржат основни податоци за испитаниците како што се пол, возраст и занимање. Додека другите графикони се состојат од одговорите на испитаниците за прашања кои се во согласност со предметот, целите односно хипотезите на ова истражување.

Графикон бр.1


Пол на испитаниците



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.2

Возраст на испитаниците




Извор: сопствени истражувања

Од графиконите бр.1 и 2 може да се забележани полот на лицата кои беа анкетирани. Според овие резултати, 69.2 % од испитаниците се изјасниле како „ женски пол “, а 30.8 % како „ машки пол “. Од овие резултати може да се види и констатира дека соодносот помеѓу двата пола не е речиси еднаков. Во графиконот бр.2 се содржани квантитативните податоци за возраста на испитаниците. Така, најголем дел од испитаниците се до 20 години односно 67.3%, од 21 до 29 години се изјасниле 25.00% додека над 30 години се изјасниле 7.7%.

Графикон бр.3

Занимање на испитаниците




Извор: сопствени истражувања

Во графиконот бр.3 се содржани занимањата на испитаниците. Според овие податоци 76.9% се изјасниле дека се ученици одосно студенти, 19.2 % лица кои засновиле работен однос и останатите испитаници 3.8% се невработени.

Графикон бр.4

Кои се најважните прашања/ проблеми со кои се соочинуваат студентите во Македонија во овој момент?



Извор: сопствени истражувања

Графиконот бр.4 ги содржи одговите од поставеното прашање „ *Кои се најважните прашања/ проблеми со кои се соочинуваат студентите во Македонија во овој момент* “ Забелешка од одговорите на испитаниците се состои во трите најважни проблеми со кои се сочуваат младите во Македонија и тие се :

Без преспектива со 22.2 %

Лоша економска ситуација со 14.8 %

Ниски плати со 13.%

Графикон бр.5

Каква според Вас ќе биде иднината на Македонија 5 години од сега?



Извор: сопствени истражувања

Графиконот бр.5 се состои од одворите од испаниците од поставеното прашање „ Каква според Вас ќе биде иднината на Македонија 5 години од сега “ Забелешка е тоа дека скоро една четвртина од испитаниците сметат дека ситуацијата во нашата земја ќе остане многу полоша.

Графикон бр.6

Што според Вас треба да поседува еден млад човек за да се вработи во нашата држава?




Извор: сопствени истражувања

Графиконот бр.6 е прашање поврзани со вработувањето односно прашањето гласи „ Што според Вас треба да поседува еден млад човек за да се вработи во нашата држава“ Забелешка од одговорите може да одвоиме Според 38.9% од испитаниците, семејни врски е најважно за вработување во нашата земја, додека 37.0% од испитаниците сметат дека партиската книшка се најважни за вработување. Помалку од една четвртина од испитаниците сметат дека соодветното образовани и добрите персонални вештини се најважни фактори за вработување во нашата земја.

Графикон бр.7

Доколку би можеле да бирате, каде најмногу би избрале да работите ?



Извор: сопствени истражувања

Графиконот бр.7 ги содржи одговорите од испитаниците за персоналнот прашање „ Доколку би можеле да бирате, каде најмногу би избрале да работите “ Забелешка Доколку би можеле да бират скоро 4 од 10 испитаници во земјата би избрале да работат во сопствен бизнис исто така скоро 3 од 10 испитаници би избрале да работат во приватен сектор. Јавниот сектор од испитаниците во земјата би избрале 2 од 10 испитаниците.

Графикон бр.8

Според Вас кој предуслов треба да биде исполнет за младите да останат во Македонија?



Извор: сопствени истражувања

Од прашањето „Според Вас кој предуслов треба да биде исполнет за младите да останат во Македонија “ кое се однесува за познавање на граѓански сектор односно перпективата на испитаниците Во графиконот бр.8 има одговори од испитаници, најважни предуслови за да младите останат во земја се со 25.9% посотојана работа, фер услови за вработување и со 22.2% обезбедување на сигурна иднина.

Графиконот бр.9

Кога би имале можност дали би се иселиле од Македонија?



Извор: сопствени истражувања

Трендот со младите од регионт е поставен со прашањето„ Кога би имале можност дали би се иселиле од Македонија “ Забелешка 59.3% од испитаниците би се иселиле од Македонија доколку имаат можност, 22.2% од испитаниците не би се иселиле од Македонија доколку имаат можност и 18.5% од испитаниците не знат дали би се иселиле од Македонија доколку имаат можност.

Графикон бр.10

Дали сте слушнале за Законот за студентски оброк?




Извор: сопствени истражувања

Во графиконто со бр.10 поставено е прашање колуку се запознаени со новостите што се донесени за младите односно ученици/студенти со прашањето „ Дали сте слушнале за Законот за студентски оброк“ Забелешка 70.4% одговориле дека се запознаени за новиот Закон за студентски оброки 29.6% одговориле дека не се запознаени за новиот Закон за студентски оброк.

Графикон бр.11

Дали сте корисник на студентска стипендија ?



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.12


Дали висината на стипендиите се доволни за да има достоен живот во текот на една академска година?



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.13

Студентските домови во нашата држава имаат добри услови за живење ?



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.14


Нашата држава инвестира пари во праграми за унапредување на студентскиот стандард ?



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.15


Медиумите во нашата држава воопшто не промовираат теми од интерес на студентите ?



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.16

Дали во текот на вашите студии работите или сте работеле?



Извор: сопствени истражувања

Графикон бр.17

Дали студентските легла се доделуваат преку јавен, транспарентен и фер процес?



Извор: сопствени истражувања

Графиконите со бр.11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 содржи кванативни одговори кои се однесува на испитаниците во однос на тоа дали се информирани, корсиници или вклучени Студентскиот стандард во Република Северена Македонија забелешка на одговорите може да ги сумираме на последнот поставено прашање во анкетниот прашалник гласи „ *Кои мерки треба да се превземат за да имаме подабар студентски стандарад во Македонија* “ прашањето беше поставео опционално, што значи, испитаниците нема обврска да одговорат на истото.

Испитаниците ги дадоа следните одговори,

- треба да се работи за ние младите да имаме по сигурна иднина и исто време да се мотивираме после завршување на студиите да останеме во нашата земја и да имаме добра работа,
- треба убава и ефикасна платформа,
- Дискутабилно прашање стипенди за сите студенти по многу факултети Финансиска помош за секој студент, реновирање на сите студентски домови што би биле погодни за луѓе а не животни, можности за вработување веднаш по дипломирање со плати погодни за дипломиран студент

да има бесплатни универзитети.

-Тоа не е возможно во Македонија.

- Да се има пракса - платена работа за тоа што го учат студентите, повеќе да се ценат нивните заложби и трудови, можност за вработување одма после дипломирањето, пристојни плати итн...

-Да се зголеми нивото на хигиена во студентските домови, да се подобри храната и да се обезбеди топла вода во текот на целата година!

-Да се тргнат партиите од студентите и обратно.

Повисоки стипендии и стипендии за повеќе студенти, а не само за одредена група!

1. Подобрување на условите во сите студентски домови: пристоен интернет, добра хигиена, подобра безбедност, разновидна исхрана и други нешта кои не се тешки за имплементација, но драстично би го подобриле квалитетот на студентските домови (Од угостителски аспект). Ако не сте сигурни што точно треба да се смени, земете за споредба некој дом во странство, и имплементирајте ги нештата кои фалат или треба да се подобрат, почнувајки од најлесното. 2.Малку поефикасна

работа на сите институции поврзани со студентите (директно и индиректно) пример: Министерството за образование, студентските служби во факултетите, итн. Со мал поттик може далеку да се стигне. 3.Механизам за упатување на студентите(а воедно и учениците) во соодветни работни кариери. На младите често не им е јасно што сè можат да работат и кои професии се потребни во државата. Секој може да придонесе нешто во општестевото ако е добро упатен и мотивиран. 4. Стипендии

-Да се менат многу закони

-Секој студент да има подобри услови за живот пред се во студентски домови, секој студент да прима финансиска помош секој месец од државата, и да има фер полагања на факултетите.

Препораки и заклучок

Студентски и ученички стандард, потреба и пристап за промена на законите Република Северна Македонија има два закона кои го регулираат Студентскиот стандард и Ученичкиот стандард. Двата закона оставаат голема правна празнина, бидејќи регулираат само по два аспекта од стандардот на ученикот и студентот, а тоа се домувањето (основањето, организацијата, функционирањето и управувањето на студентските и ученичките домови) и стипендирање на учениците и студентите. Стандардот во својата основа опфаќа повеќе сегменти од ученичкиот и студентскиот живот. Под стандард се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите и учениците. Може да се заклучи дека постојат многу проблеми со кои студентите и учениците се соочуваат, а тие има потенцијал да бидат опфатени преку надминување на недостатоците во законите за стандард, што наложува нивна промена и дополнување во сферите кои ги опфаќаат. Пред да се прават измени потребно е истражување на реалните потреби на учениците, студентите, но и истражување на легислативата на Република Македонија со цел креирање на сеопфатен закон. Дополнително треба да се согледа потребата од два закони кои

регулираат речиси исто поле, како и отстранување на сегрегрегацијата на останатите млади кои не продолжиле во образовниот систем по задолжителното средно образование. Со закон/и за ученички и студентски стандард не се уредува севкупно младинскиот стандард, што претставува поголема категорија на граѓани од оние кои се дел од образовниот процес. Македонската легислатива Генерално, со законите се опфатени само домовите и стипендирањето на студентите и учениците. Законите ги опфаќаат: работата на студентските и ученичките домови, сместувањето на студентите и учениците, цената за сместување во студентските и ученички домови, управувањето и раководењето со домовите, финансирање на дејноста во домови, стипендирањето на студентите и учениците, надзорот над спроведувањето на одредбите, прекршочните одредби и преодните и завршни одредби. Останатите делови кои не се регулирани со законот за студентски стандард се пропишани со интерни правилници на МОН, Државен студентски дом и сл. содржина на Закон за студентски стандард:

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1: Со овој закон се уредува дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите.

Член 2 (1) Студентскиот стандард се остварува во установи за студентски стандард кои се организираат како државен студентски дом и приватен студентски дом (во натамошниот текст: студентски домови).

ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

СТУДЕНТИ

ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

ЦЕНА ЗА ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ
VI-а. ВРАБОТЕНИ ВО СТУДЕНТСКИ ДОМ

ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

СТИПЕНДИРАЊЕ НА СТУДЕНТ

НАДЗОР

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлог-дополнувања и/или измени:

Проширување на областите кои ги регулираат законите за ученички и студентски стандард, со цел да ги опфати сите студенти и ученици и нивниот стандард (моменталните закони ги опфаќаат само студентите кои престојуваат во студентски домови и се примателите на стипендија).

Разгледување на можноста за спојување на законите за студентски и ученички стандард во еден закон поради сличноста во областа на делување и поврзаноста на законите.

Разгледување на можноста за креирање на еден закон за младински стандард кој ќе ги опфаќа младите како категорија, вклучително и студентите и учениците.

Области кои треба да се предмет на дополнување:

Исхрана,

*Ученикот и студентот кој учи или студира на место надвор од местото на домување и престојува во студентски/ученички дом да има право на три оброци кои ќе бидат покриени од страна на Министерството за образование и наука.

*Ученикот и студентот кој учи или студира на местото на домување има право на еден оброк во денот во текот на учебната/академската година во рамките на училиштето или факултетот, кој ќе биде покриен од страна на Министерството за образование и наука.

Школарина (трошоци за студирање и учење),

Законот да ги регулира трошоците кои учениците и студентите ги имаат во текот на образовниот процес, вклучително и трошоците кои не се однесуваат на задолжителната партиципација (дополнителни трошоци за работни материјали, литература, помагала за учење, менторство и дополнителна настава).

Законот да предвиди ослободување од трошоци за студирање и учење на ранливи категории на студенти и ученици (од социјално загрозени семејства, едно родителски семејства, лица со посебни потреби).

Вработување на студенти и учениците (со скратено работно време),4

Студентите и учениците со наполнети 16 години да можат да работат со скратено работно време, со цел да имаат сопствен приход и дополнителни сретства кои ќе го подобрат нивниот стандард. Воботувањето на студентите и учениците да не влијае на нивниот статус како студенти и ученици и да не ги изгубат дополнителните поволности кои ги имаат тие статуси, како стипендии, беспатно здравствено осигурување, бесплатен превоз и сл.

-Волонтерство и практикантство

*Студентите и учениците да имаат можност да остварат практична работа или пак да волонтираат притоа нивниот ангажман да биде признаен и вреднуван од страна на

образовните институции. Дополнително, практиканството и волонтерството да се земат во предвид при продолжување на образовниот процес, со тоа што овие студенти и ученици ќе имаат предност и поволности при запишување во повисок степен на образование.

Превоз, во тек на цела година – календарска

Бесплатниот превоз за студенти и ученици на локално ниво да биде загарантиран за сите студенти и ученици во текот на целата календарска година, за да можат да го користат и за време на распустите за дополнителни активности.

Студентите и учениците, и оние кои студираат во јавното но и они во приватното образование, да добиваат билети за бесплатен национален превоз (меѓуградски автобуси, воз).

Спортско – рекреативни активности,

Спортот е важен сегмент од развојот на младите, наспроти задолжителните спортски активности во рамките на образованието, учениците и студентите да добиваат поволности за користење на спортски и рекративни објекти.

Културно- уметнички активности

*Со студентите и учениците да се работи на нивно културна надградба, преку редовни и бесплатни посети на културно – уметнички институции, кои исто така ќе понудат и поволности и попусти за дополнително посетување надвор од задолжителните.

Одмор,

Студентите и учениците да добијат право на одмор во државните одмаралишта, со тоа што преку аплицирање на конкурс да можат да престојуваат за време на зимскиот и/или летниот распуст во државно одмаралиште по поволана цена.

Студентски/ученички поволности и попусти за добра и услуги,

Студентите и учениците да добиваат добра и усуги по поволни цени, кои ќе соодветствуваат на нивниот стандард. Попустите и поволностите да бидат реални и да можат да ги користат во повеќе сфери како што се услужните дејност, културно-забавните институции, спортско- рекреативни активности, надополнување на знањето и учење и сл.5

-Воспитно работење со учениците во домовите.

*Учениците кои пресојуваат во домовите да имаат ментори/ воспитувачи кои ќе работат на нивен развој и ќе ги следат во целиот процес на школување. Менторот/воспитувачот да работи на: развивање на интелектуалните и работните способности на ученикот, чување и унапредување на здравјето на ученикот, помош при учење и извршување на школските работи, следење на постигнувањата на ученикот, развивање на морални и естетски вредности кај ученикот и организирање на слободното време.

Здравје

*Редовни бесплатни систематски прегледи за студентите и учениците во рамките на државните здравствени домови, како и поволности за нивно лекување.

-Наградување и вреднување на дополнителните активности на учениците и студентите

*Креирање на фонд за талентирани ученици и студенти , за претставување на домашни и меѓународни натпревари и обезбедување на ресурси и услови за нивно конинуиран градење во рамките на образовната институција.

*Креирање на фонд за наградување на талентирани ученици и студенти кои остварile постигнувања надвор од редовното образование во областа на науката, технолоијата, спортот и културата.

*Вреднување на постигнувањата на студентите во рамките на редовното образование и постигнувањата да се земат во предвид при продолжување на образовниот процес, со тоа што овие студенти и ученици ќе имаат предност и поволности при запишување во повисок степен на образование.

Ревизија и регулирање на начинот на избор на студентските претставници во советите на станари

Законот треба да го регулира начинот на избор на претставниците на студентите во советите на станарите.

Изборот на претставниците на студентите во советите на станарите треба да се изврши на демократски начин, преку повик и тајни и непосредни избори на ниво на секој дом за студентски претставници.

Детално регулирање на управните органи во студентските и ученичките домови

Телата на управување на студентските и ученичките домови моментално детално се утврдени со правилници за работа, но овие клучни тела заа функционирање на домовите треба да бидат регулирани во соодветниот закон.

Учениците кои ќе одберат да го продолжат своето образование надвор од местото на живеење, без разлика дали таква образовна устаова има во нивото место на живеење да можат да остварат право на престој во ученички дом.

Легислатива во Република Србија:

Законот за ученички и студентски стандард ги уредува правата и одговорностите на ученикот и студентот во областа на ученичкиот и студентскиот стандард. Основање, организација и работење на ученичките/ студентските домови, финансирање на ученичкиот/ студентскиот стандард и други прашања и области поврзани со стандардот на учениците/студентите. Областите кои се вклучени во законот на Србија се многу поопширни и вклучуваат повеќе аспекти од ученичкиот и студентскиот стандард, што може да биде насока за подобрување на легислативата во РМ.

Право на ученикот и студентот на сместување

Секој студент и ученик кој студира или учи во во Србија и е државјанин на Србија има право на сместување во установа. За добивање на сместување, конкурира на конкурс распишан од министерството.

Право на ученикот и студентот на исхрана

Студентите кои студирааат надвор од местото на живеење имаат право на три оброка, додека студентите кои живеат во местото каде што студираат имаат право на еден оброк дневно.

Право на ученикот на воспитно работење

Ученикот кој живее во ученички дом има право на воспитно работење: развивање на интелектуалните и работните способности на ученикот, чување и унапредување на здравјето на ученикот, помош при учење и извршување на

школските работи, следење на постигнувањата на ученикот, развивање на морални и естетски вредности кај ученикот и организирање на слободното време.

Право на ученикот и студентот на одмор и опоравување

Студентите и учениците имаат право на одмор во студентско одморалиште, каде што им е обезбедено сместување, храна и одмор. Министерството објавува конкурс за одмор и опоравување на кој можат да се пријават сите студенти и ученици да да го искористат ова право.

Право на ученикот и студентот на културни уметнички, спортски и рекреативни активности и информирање

За постигнување на подобри успеси и развој на личноста на ученикот/студентот, институциите организираат културни, уметнички, спортски и рекреативни активности, вклучувајчи и регионални и републички натпреварувања.

Процес на менување на законите

Процесот на изменување на двата закони мора да биде отворен за сите чинители кои се засегнати од законите, пред се' учениците и студентите. Вклучувањето на повеќе личности во процесот на различни начини (работа група, јавни настани, јавни расправи) го прави поинклузивен и води кон поквалитетни закони кои ќе бидат реално применливи. Промената на законите исто така треба да биде поткрепена со теориски факти но и со емпириско истражување за да конкретно да се увиди и да се добијат длабински податоци за потребите на студентите и учениците во Република Македонија. Подолу следи прва нацрт препорака за тек на процесот за менување на Законите за ученички и студентски стандард.

Редовни состаноци

Редовни средби за координација и следење на процесот, помеѓу МОН, работната група за измена на законот, другите засегнати страни вклучени во процесот и интитуциите задолжени за имплементација на законот.

Истражување

Спроведување на деск топ анализа на легислатива од земјава и регионот.

Емпириско истражување на репрезентативен примерок на територија на Република Северна Македонија за утврдување на потребите на учениците и студентите, со користење на квалитативна и квантитативна методологија.

Работна група

Креирање на работна група за изготвување на предлог измени и дополнувања на законите. Работните групи треба да бидат отворени и да го поттикнуваат учеството на сите засегнати страни од законите, а пред се' да ги мотивира младите активно да се вклучат во креирањето на законите, кои ќе ги опфатат релните потреби на студентите, односно учениците.

Работната група првенствено треба да дискутира и да го процени опфатот на содржината на законите, односно потребата од отстапување од ограничување на темите на домување и стипендии и опфаќање на другите поврзани прашања. Работната група ќе треба да ја испита и потребата од два закони, и можноста за креирање еден заеднички закон за студентски и ученички стандард, како и опфатот на поимот младински стандард

Групата треба да ги опфати следните појдовни чекори:

Разгледување на законите, опфатот и основата

Разгледување на странските прописи и практики

Разгледување на наоди од истражувања и анализи

Дефинирање на опфатот и содржината на законите

Дефинирање на деталната содржина на законите

Работната група ќе треба да ги земе предвид и другите политики кои се дел од програмата на Владата и поврзани со ова прашање, како што се: студентска потрошувачка картичка, младинска гаранциска шема, студентски привремени вработувања, и да се анализа дали се одразуваат и е потребно да се опфатат во овој закон.

Работната група треба да биде функционална, но во себе да вклучува различни засегнати страни. За илустрација, тоа можат да бидат претставници од институции: МОН, Државен студентски центар, Универзитетите, Агенција за млади и спорт; Студентски и младински претставници...

Консултативни средби

Работната група да биде отворена за консултативни средби за оние кои не се дел од работната група но сакаат да придонесат во процесот. Тоа подразбира организирање на неколку средби со општа јавност, за запознавање со процесот, но и давање на придонес со своето искуство и ставови. Посебно важно е да се организираат и консултативни средби директно со студентите и учениците, вклучително оние кои домуваат но и дел од оние кои не престојуваат во домовите.

Расправа во Собранието на РМ

Со цел да се даде можност за учество во креирањето на предлог-текстот на граѓаните и засегнатите страни кои немале можност да го направат тоа преку работна група, може да се организира јавна расправа за законот во Собранието

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Користени извори и литература:

Шекеринка Ивановска, Интернационален развоен менаџмент, универзитетски учебник, МЦСП, Свети Николе, 2016.

Марија Јанкуловска, Менаџмент на човечки ресурси во организациите

https://mon.gov.mk/

https://dic.edu.mk/

https://www.bro.gov.mk/

https://konkursi.mon.gov.mk/?lang=mk

https://konkursi.mon.gov.mk/

https://na.org.mk/

https://www.stat.gov.mk/Default_en.aspx

https://dsdskopje.mk/

https://www.dsdsenic.mk/

http://www.dsdnikolakarev.mk/

http://dsdkochoracin.com.mk/

https://www.mtsp.gov.mk/pocetna.nspx

https://av.gov.mk/

http://www.ams.gov.mk/

https://www.fakulteti.mk/

http://www.timinstitut.mk

https://www.youthforum.org/

СТУДИИ ЗА МЛАДИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 2018/2019, Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС)

ПОСТОИ ЛИ СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД ВО МАКЕДОНИЈА?, Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС)

Студентски и ученички стандард, потреба и пристап за промена на законите, Здружение на граѓани „Младински образовен форум“

МЛАДИНСКА ВРАБОТЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Институтот за европска политика – Скопје & Асоцијацијата за едукација Младиинфо Интернационал

ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА И МЛАДИНСКАТА МОБИЛНОСТ: КАКО ОД ОДЛИВ ДО ПРИЛИВ НА КАДАР? Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП)

Поддршка на демократијата во мултиетничка Македонија – Младински активизам за мултикултурна демократија, Прогрес – Институт за социјална демократија и Фондацијата „Калеви Сорса“ и е произлезено од Платформата за мултикултурализам формирана во рамките на проектот

Законот за ученички стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019);

Законот за студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019);

Законот за научно истражувачката дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016);

Законот за поддршка на млади при купување на музички инструменти (Службен весник на Република Македонија бр. 113/2018);

Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ();

Законот за спортска академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2014, 129/2015, 146/2015, 30/2016, 142/2016 и 64/2018);

Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија (СЛВРСМ бр.168/2019);

Правилникот за постапката и начинот за одобрување на стипендии на странски државјани за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, студиски истражуваа и студиски престои, доделени од Република Македонија врз основа на билатерални спогодби склучени со странски држави (бр. 17-12807/1 од 31.10.2018);

Правилник за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачки кадри;

Одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година (СЛВРСМ бр.195/2020);

Одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија (СЛВРСМ бр.195/2020);

Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2020 година (http://mon.gov.mk/content/?id=3311) последен пат пристапено на: 9.10.2020;

Конкурс за доделување на студентски стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година (http://mon.gov.mk/content/?id=3289) последен пат пристапено на: 9.10.2020;

Конкурс за доделување стипендии за академски студии од прв циклус во странство за академската 2020/2021 година (http://mon.gov.mk/content/?id=3283) последен пристапено на: 9.10.2020;

Распишан конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор циклус во странство за академската 2020/2021 година (http://mon.gov.mk/content/?id=3278) и Дополнување (http://mon.gov.mk/content/?id=3282) последен пристапено на: 9.10.2020;

Распишан конкурс за доделување стипендии за академски студии од трет циклус во странство за академската 2020/2021 година (http://mon.gov.mk/content/?id=3284) последен пат пристапено на: 9.10.2020;

Правилник за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 16-5873/1;

Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 08-2127/1;

Правилник за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20-4619/1;

Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентските домови, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 08-2126/1;

Коресподенција со Министерство за образование и наука, април 2021.

Прилог 1 Анкетен прашалник,

Постигнување на стратешки приоирет за унапредување на студентски стандард во Република Северна Македонија

Почитувани,

Целта за спорведување на анкетниот прашалник е да се добијат одговори на поставените прашања кои ќе помогнат при истражување на магистерскито труд ,,Општествени промени и развојни можности за подобрување на студентските стандарди,, како дел од Факултетот за економија и организација на претприемништво при Меѓународен Славјански Универзитет Гаврило Романович Державин – Свети Никола – Битола- Република Северна Македонија. Добиените одговори се анонимни и строго довреливи и ќе бидат искористени само за истражување за магисерскиот труд.

Кои се најважните прашања/ проблеми со кои се соочинуват студентите во Македонија во овој момент?

Невработеноста

Лоша економска ситуација

Ниски плати

Лоши услови на образование

Политичка ситуација

Лоши услови за вработвање

Без преспектив, загриженост за иднината

Иселувањето

Егзистенцијата

Корупцијата

Друго

Одбива да одговори

Не знае

Каква според Вас ќе биде иднината на Македонија 5 години од сега?

Многу полоша

Донекаде полоша

Иста

Донекаде подобра

Многу подобра

Одбива за одговори

Не знае

Што според Вас треба да поседува еден млад човек за да се вработи во нашата држава?

Партиска книшка

Семејни врски / пријатели

Соодветно образование

Добри персонални вештини

Работно искуство

Друго

Не знае

Доколку би можеле да бирате, каде најмногу би избрале да работите ?

Приватен сектор

Јавен сектор

Сопствен бизнис

Граѓански сектор

Не знае

Дали сметате дека студентите денес имаат перспектива во македонското општество ?

Дефинитивно не

Донекаде не

Донекаде ДА

Дефинитивно ДА

Одбива да одговори

Не знае

Според Вас кој предуслов треба да биде исполнет за младите да останат во Македонија?

Пристојна работа, фер услови за вработување

Повисока плата

Услови за подобар живот, финансиска назависност

Да ги ценат младите и нивните заложби

Државата да се грижи за граѓаните

Многу работи

Обезбедување на сигурна иднина

Без одговор

Друго

Не знае

Кога би имале можност дали би се иселиле од Македонија?

ДА

НЕ

Не знае

Дали сте слушнале за Законот за студентски оброк?

ДА

НЕ

Дали сте корисник на студентска стипендија ?

ДА

НЕ

Дали висината на стипендиите се доволни за да има достоен живот во текот на една академска година?

ДА

НЕ

Студентските домови во нашата држава имаат добри услови за живење ?

Се согласувам

Не се согласувам

Не знам

Нашата држава инвестира пари во програми за унапредување на студентскиот стандард ?

Се согласувам

Не се согласувам

Не знам

Медиумите во нашата држава воопшто не промовираат теми од интерес на студентите ?

Се согласувам

Не се согласувам

Не знам

Дали во текот на вашите студии работите или сте работеле?

ДА, работам со полно работно време

ДА, работам со скратено работно време

НЕ, не работам

Дали студентските легла се доделуваат преку јавен, транспарентен и фер процес?

ДА

НЕ

Не знам

Кои мерки треба да се превземат за да имаме подабар студентски стандарад во Македонија ? (опционално)